КОЛЕ JОВАНОВСКИ

Ж III 151
Инв. бр. 12520

# МАРКСОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПОТРЕБИ

- Магистерски труд -

Скопје, декември 1985 година

СЕМИНАР ЗА ФИЛОЗОФИЈА СКОПЈЕ

# I. ВОВЕДНИ ИСКАЖУВАЊА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПОТРЕБИ

Од увидот во Марксовите и современите сфаќања на глобалната проблематика за човековите потреби, се наметнува следниов заклучок: не само што се ретки обидите за поадекватни определувања на поимот потреба воопшто, туку повеќето автори, кога расправаат за човековите потреби, не го ни поставуваат тој проблем.

Иако кај Маркс постојат определени искажувања за различни димензии на човековите потреби, тој, како што истакнува и Агнеш Хелер во својата студија за теоријата на потребите кај Маркс[1], со поимот потреба дефинира други категории, (пред сѐ од областа на политичката економија, на пример, стоката-забелешка К.Ј.), но не дава дефиниција на самиот поим потреба. Дури и не опишува што треба да се подразбира под потреба.

Можеби причината за незадоволителната состојба во поглед на определувањето на категоријата потреба во Марксовото дело, треба да се бара во следново: Маркс бил свесен за сложеноста на човековите потреби; тој особено го нагласувал нивниот надекономски карактер; а од неговите трудови лесно може да се изведе заклучокот за повеќедимензионалната природа на потребите, која теориско-методолошки може да се иследува од повеќе филозофски, антрополошки, психолошки, економски, социолошки и други научни дисциплини.

Нашиот познат социјален психолог, Младен Звонаревиќ, со следниве зборови ја определува потребата воопшто: "Според тоа, потребата можеме општо да ја дефинираме како определена состојба на организмот или социјалната ситуација.... на личноста, која се наоѓа во состојба на нарушена биолошка или социјална рамнотежа"[2]. На посоченава определба на потребата може да ѝ се забележи дека таа ги нагласува, и при тоа преценува, само биолошката и социјалната нејзина димензија, со што не успева да ја опфати сложеноста на човековите потреби.

Миладин Животиќ потребите ги наречува доживување на недостатокот на условите за човековиот опстанок. Констатирајки дека потребите се една од најбитните одлики на човекот, посетувајки на Марксовата мисла дека потребите се "онтолошки потврди на човековото битие", онаа специфична разлика со која човекот се изделува од природата и преминува кон создавање на човеков свет, тој продолжува: "Потребите се оној свесен односот на човекот кон себе и светот кој доживувањето на недостатокот го претвара во интенционална дејност, во дејствување насочено кон создавање објекти со кои се надминува тој недостаток. Потребите се доживување на односот на човекот и светот кој има две битни одлики-негација и интенција. Човекот се доживува себе си и светот како граница која треба да се надмине. Потребата, затоа, се јавува секогаш преку интенционалните акти на нашата свест-желбите, намерите, тежненијата,мотивите".[3]

Во настојувањето посеопфатно да ги определиме човековите потреби, ги одбележуваме следниве битни нивни компоненти:

1. Терминот потреба се јавува во смисла на изведок од треба, требање, како барање на нешто што со својата присутност е неопходен услов нешто друго да се направи, исполни, вреднува, со еден збор да се бидува.

2. Потребата е напнатост насочена кон нешто, подготвеност да се дејствува на определен начин и во определена насока, со цел трошење на енергетскиот потенцијал на напнатоста и повторно воспоставување на органската рамнотежа.

3. Во изведена смисла, потребата е состојба карактеризирана со порост на нефункционални тенденции и неурамнотеженост, која се изразува во ориентација кон вредностите, односно кон објектите кои се носители на вредностите.

./.

4. На емоционален план, потребата се изразува како нелагодност поради нешто или како желба за нешто, значи, најчесто како недостаток, со поттик и тежнение таквата состојба да се надмине.[4]

Во филозофскиот речник на André Lalande , го наоѓаме следново определување на општата смисла на потребите: "Услов (својство, состојба) на едно битие, со оглед на она што му е неопходно, во поглед на било каква цел, било внатрешна, било надворешна, било да му е непозната, било да ја знае".[5]

На крајот, ја предлагаме следнава определба: Човековите потреби се онтички услов за негово бидување, кој се изразува во динамичка напнатост-барање, чувство на недостаток-требање за соодветни субјективни и објективни вредносни објекти.

Структурата на човековите потреби овозможува разликување на две конститутивни составки: субјект на потребите и објект на потребите, оној што чувствува и има потреби и-она за што се чувствува и има потреби. Според тоа, секоја потреба има субјективно-објективна, физичко-психолошка структура. Субјектот на потребите се изразува во нивното повнатрешнување, а објектот на потребите во понадворешнувањето. Повнатрешнувањето, како конститутивна составка на структурата на човековите потреби, се пројавува во процесите на субјективното (само) создавање, "породување" и вредносно димензионирање на објектите што ги задоволуваат нив, а понадворешнувањето во делата на човековото практично пројавување, конкретното објективирање на себе си во својата животна средина, во константното опредметување на човековите сетилни, интелектуални и физички способности.

Михаило Марковиќ разликува три битни променливи во структурата на човековите потреби:

./.

1. Основните човечки способности.

2. Предметите и човечките индивидуи во нашата природна и општествена средина.

3. Меѓу посочениве компоненти во структурата на човековите потреби посредува техниката, која, од една страна, ја сочинуваат вештините и методите за постигање на определени практични цели, а од друга страна, материјалните инструменти чија цел е произведување на објекти и услуги кои треба да ги задоволат нашите потреби.[6]

Веќе од досегашното излагање за поимот и структурата на човековите потреби може да се констатира дека станува збор за сложена антрополошка категорија, која има своја природна, општествено-историска, психолошка, филозофска, културна, јазична и тн. димензија.

Во воведниот дел на трудов ќе се задржиме малку поопстојно на биолошката, психолошката, филозофската и антрополошката димензија на човековите потреби.

Во Марксовото дело не наоѓаме систематско објаснување на психолошките димензии на човековите потреби, што не значи дека тие кај него исцело отсуствуваат. Полемизирајќи со Макс Штирнер и неговото објаснување на соодносот човекови желби-потреби, Маркс, во "Германската идеологија" вели: "Да ли желбата ќе постане или нема да постане фиксна... тоа зависи од тоа да ли материјалните околности... позволуваат оваа желба да се задоволува нормално и, од друга страна, да се развива целокупноста на желбите. Ова последново, пак, зависи од тоа да ли ние живееме во околности кои ни позволуваат сестрана дејност, а со тоа и развивање на сите наши настроености".[7]

Констатирајќи дека развивањето на целокупноста на желбите зависи од формирањето на реалните услови и во нив дадените можности за развиток на секоја индивидуа, дека никој не може да направи нешто

./.

а воедно тоа да не го направи за љубовта на една од своите потреби и органите на овие потреби, Маркс во прецртаниот дел од ракописот вака ја конкретизира својата мисла: "Комунистичката организација на двојствен начин дејствува врз желбите кои во индивидуата ги предизвикуваат денешните прилики: еден дел од тие желби, имено оние кои постојат под сите услови и кои само по форма и насока бидуваат изменети од страна на разни општествени односи, се менува и под овој облик на општеството само на тој начин што им се даваат средства за (нивниот-К.Ј.) нормален развиток; другиот дел, напротив, имено оние желби кои за своето потекло можат да му заблагодарат само на еден определен облик на општеството...., е сосема лишен од своите животни услови".[8]

Маркс протестира против фактот дека во денешниот свет <u>некоја</u> потреба кај некоја индивидуа може да се задоволи само за сметка на сите други, дека со тоа се оневозможува слободниот развиток на сета индивидуа, дека секоја потреба која се наоѓа во основа на некоја "желба" е исто така нешто "фиксно", значи станува збор за нејзино засновување врз биолошки нагони, па заклучува: "Комунистите и не помислуваат на тоа да ја укинат и надминат оваа фиксност на своите желби и потреби,...; тие тежнеат само кон таква организација на производството и размената кои им овозможуваат <u>нормално, т.е. единствено со самите потреби ограничено задоволување на сите потреби</u>".[9]

Маркс се залага за создавање на таква индивидуа која во своето човекување опфаќа голем обем на разновидни дејности и практични односи кон светот, и кај која потребите имаат карактер на универзалност како и секое друго нејзино животно пројавување. Бесмислено е да се претпостави дека една потреба може да се задоволува и развива надвор од целината на човековите потреби,

./.

"фиксирана" од сите други потреби, дека човекот може да задоволува една потреба, а да не се задоволува себе си, сета своја жива индивидуа.

Што се однесува до биолошките димензии на човековите потреби овде го посредуваме значењето на т.н. теорија на рамнотежата. Концизно, посоченава теорија може да се формулира на следниов начин: Секоја жива материја, секој жив организам, настојува да одржи определена стабилност на својата морфолошка, физиолошка и општа биолошка структура, оти таа стабилност е основен услов на самата негова егзистенција. Но секоја промена, движење, развиток, и, општо, секоја форма на активност ја нарушуваат таа стабилност, оти бараат поголемо или помало трошење на ограничената биолошка енергија со која располага организмот во дадениот момент. Тоа нарушување на енергетската рамнотежа истовремено е и нарушување на општата биолошка рамнотежа, па поради тоа организмот презема нова активност, како би ја воспоставил нарушената рамнотежа. Новата активност ја воспоставува старата рамнотежа, но истовремено создава нова нерамнотежа, која повторно се урамнотежува, па нарушува и тоа се одвива така постојано-од зачетокот до смртта.

Потполна и трајна рамнотежа не се воспоставува никогаш-само мртвиот организам е во потполна "рамнотежа". Во живиот организам рамнотежата се остварува со нејзиното постојано нарушуваве. Со други зборови, биолошката рамнотежа се јавува заправо само како тенденција, но вистинската ситуација во организмот никогаш не се поклопува со неа.

Биолошката рамнотежа е резултанта на истовремено делување на спротивни процеси,од кои едни делуваат во насока на нејзино воспоставување, стабилизирање и одржување, а други во насока на нејзино нарушување и укинување. Процесите на асимилацијата и

дисимилацијата на материите во организмот, кои се физиолошка основа на самиот феномен на животот, се најдобар пример на таквата "рамнотежа во нерамнотежа".[10]

Крајниот дострел на теоријата на рамнотежата се исцрпува во остварувањето на потребите за биолошко-органските услови за човековото суштествување, со помош на кои би требало да се отворат онтички услови за пројавување на оние потреби кои се родовска специфика на неговото вистинско човекување.

Елементи за општиот, филозофски поим за човековите потреби, се разбира несистематизирани, можеме да најдеме во Марксовите дела: "Германската идеологија" и "Економско-филозофските ракописи". Анализирана од посочениов аспект, потребата има релациона природа: таа секогаш се однесува на некој конкретен предмет или на некое предметно дејствување. Предметите ги "реализираат" потребите, и обратно, потребите предметите. Потребата и нејзиниот предмет се "моменти", "страни" на еден ист процес. Човекот во процесот на задоволувањето на своите потреби не само што ги користи веќе создадените предмети, туку и твори нови предмети на своите потреби.

Онтолошкиот елемент на Марксовото сваќање на човековите потреби тргнува од ставот за природното потекло, односно за сместеноста на потребите во битието на природата. Со други зборови, човековите потреби се составен дел на природата. Во "Економско-филозофските ракописи" Маркс вели дека човековите осети, страсти и тн., (што се однесува и на човековите потреби К.Ј.) не се само антрополошки определувања во тесна смисла, туку вистински онтолошки потврдувања на битието (природата); дека различниот начин на потврдувањето на човековите потреби ја сочинува своевидноста на неговото (нејзиното) постоење; дека постои онтолошка суштина на човековите страсти (т.е. потребите - К.Ј.); дека претпоставка за постоење на човековите потреби е постоењето на битни предмети за човекот, како предметите

./.

за уживање така и предметите на дејноста.[11]

Ако се тргне од ставот дека човекот "по потекло е природа", може да се тврди дека човековите потреби и нивните предмети не се производ на било каква "виша дејност на вишата природа", туку потврдување на природата во својата целосност и на човекот како природно битие: "Човекот е непосредно природно битие. Како природно битие и како живо природно битие тој делумно е снабден со природни, животни сили, тој е дејствено природно битие; тие сили во него егзистираат како склоности и способности, како нагони; тој е делумно природно, телесно, сетилно, предметно битие, кое трпи, кое е условено и ограничено, како што се растението и животното т.е. предметите на неговите нагони постојат вон него, како од него независни предмети, но тие предмети се предмети на неговата потреба, предмети, кои се неопходни за оделотворување и потврдување на неговите суштински сили, суштински предмети".[12]

Дека според Маркс човековите потреби содржат онтолошки елементи, доволно ни сведочи и следниов негов став: "Гладта е природна потреба; за да би се задоволила, за да би се заситила, неа и е потребна природата вон неа, предметот вон неа. Гладта е признаена потреба на телото за предмет кој се наоѓа вон неа; кој е неопходен за нејзиното интегрирање и манифестирање на битието. Сонцето е предмет на растението, предмет кој му е неопходен, кој го потврдува неговиот живот, како што растението е предмет на сонцето, манифестирање на сончевата сила која буди живот, манифестирање на предметната суштинска сила на сонцето".[13,14]

Конституирајќи го своето ново, антрополошко поимање на човековата историја, наспроти сите дотогашни идеалистички сфаќања на историскиот развиток, Маркс ги посочува следниве општи претпоставки на суштината на човековата историја воопшто, односно на секоја човекова егзистенција:"... мораме да почнеме со тоа што ќе

ја утврдиме првата претпоставка на секое човеково постоење, а според тоа и на секоја историја, имено претпоставката дека луѓето мора да бидат способни да живеат за да би можеле да' создаваат историја'. Но за живот се потребни пред се храна, вода, стан, облека и уште нешто друго. Значи, првиот историски чин е создавање на средства за подмирување на овие потреби, (подцртал К.Ј.), произво ство на самиот материјален живот; и тоа е таков историски чин, основен услов за секоја историја, кој и сега, како и пред илјада години, секој ден и секој час мора да се исполнува само затоа за да би можеле луѓето да живеат".[15]

Без остварувањето на човековите потреби содржани во неговите биолошки основи, нема човекова историска егзистенција и развиток воопшто. Историјата на човековото настанување и развиток, всушност, е историја на настанувањето и развитокот на човековите потреби Одбележаниот фонд на претпоставените основни потреби се потреби за одржување и репродукција на човековиот живот, токму затоа тие имаат трајно нужна основа на своето подмирување, тие се биолошки претпоставки, но не и автентичниот, самосвоен "квалитет" на човековиот живот.

Втората, според Маркс, основна претпоставка на човековата историска егзистенција, се состои во тоа "што самата подмирена прва потреба, дејноста на подмирувањето и веќе здобиениот инструмент за подмирување доведуваат до нови потреби -и тоа произведување на нови потреби е прв историски чин".[16] (подцртал-К.Ј.).

Првиот историски чин содржи двочлена структура: создавање на средства за задоволување на човековите егзистенцијални потреби и произведување на нови потреби. Првиот член на структурава е основа за вториот, првиот дел се однесува на потреби кои ги поседуваат и животните, додека вториот дел се однесува на онаа димензија

на човековото историско суштествување што е негова генеричка специфика, оти само човекот е способен, свесен и самосвесен за произведувањето. Самата дејност на задоволувањето на човековите потреби содржи во себе можност за создавање на нови потреби, токму затоа што специфичноста на човековата дејност се состои не толку во задоволувањето на постојните, колку во создавањето на нови потреби.

На крајот, веќе здобиеното орудие при задоволувањето на човечките потреби врши, посредно или непосредно, влијание, како врз создавањето на нови потреби, така и врз пронаоѓањето и прилагодувањето на нови орудија за нивната реализација. Структурата на инструментите при произведувањето на некоја потреба ја условува структурата на содржините што може да ги задоволи нејзиното практично остварување.

Третата основна Марксова претпоставка на човековата историска егзистенција, тој ја конкретизира на следниов начин: "Третиот однос, кој овде од самиот почеток влегува во текот на историскиот развиток е односот во кој луѓето, секојдневно одново создавајќи го сопствениот живот, почнуваат да создаваат други луѓе, да се размножуваат-односот меѓу мажот и жената, родителите и децата семејството. Оваа семејство кое на почетокот е единствен социјален однос, кога зголемувањето на потребите создало нови општествени односи, а зголемувањето на бројот на луѓето нови потреби. (подцртал -K.J.), подоцна станало, подреден однос (исклучувајќи ја Германија) ... Впрочем, овие три страни на социјалната дејност не треба да се сватат како три различни степени, туку токму само како три страни, или, за да би им било појано на Германците, како три 'моменти' кои постоеле истовремено од почетокот на историјата и од времето на првите луѓе, и кои уште и денес важат во историјата."[17]

./.

Во антрополошките содржини што ги сочинуваат формите на семејниот живот доаѓаат до израз низа човечки потреби како што се: сексуалната потреба, потребата од љубов кон другиот човек и кон децата, потребата од продолжување на човековиот род, потребата за потврдување преку раѓање на друг човек, потребата за мајчинството и татковството, потребата за заеднички от живот, потребата за семејната солидарност и сл.

Треба да го нагласиме и Марксовиот став според кој човековите потреби влијаат врз изградувањето на нови социјални односи, како и врската меѓу зголемувањето на бројот на луѓето и создавањето на нови потреби.[18]

Во сите посочени Марксови претпоставки на човековата историја е содржано влијанието на човековите потреби, било во смисл на производство на средства за подмирување на неговите потреби од самоодржување, било во смисла на создавање на нови потреби, било од аспект на остварувањето на потребите за семејниот живот и биолошката репродукција.

Во делото "Германска идеологија" Маркс вели: "Позивот на секој човек .... е подмирувањето на сопствените потреби."[19] Таму "каде што индивидуите имаат сопствени потреби, веќе со самото тоа тие имаат извесен <u>позив</u> и извесна <u>задача</u>, при што, пред сѐ, е сеедно да ли тие тој позив во својата претстава го сметаат за свој позив".[20]

Во натамошниот текст, Маркс вели дека пролетерот има позив да ги задоволи своите потреби, како и секој човек, но тој не може да ги задоволи дури ни оние потреби кои му се заеднички со секој друг човек.[21] Специфичноста на историската егзистенција на пролетерот, според Маркс, се состои во тоа што тој треба да ги задоволи двата посочени вида потреби. Конкретизирајќи ја

својата мисла, тој протестира против тоа што 'неговата положба' не му го дозволува дури ни задоволувањето на оние потреби кои произлегуваат од неговата непосредна човечка природа.[22]

Човекот своите потреби може да ги подмири само со помош на дејноста при која мора да ја употребува и својата свест. Позив на секој човек е да се развива сестрано, да ги развива сите свои настроености, на пр. и настроеноста за мислење. Треба да се прави разлика меѓу фактичката состојба на индивидуата, онаква каква што е на своја штета осакатена од поделбата на трудот и подведена под еден едностран позив и нејзината сопствена потреба-која други ја изразиле како позив-да постане поинаква. Она што овде се истакнува како позив, заправо е негација на позивот досега практично создаден со поделбата на трудот, единствено реално постоен позив-значи негација на позивот воопшто. Маркс во врска со тоа вели: "Сестраното остварување на индивидуата ќе престане да се претставува како идеал, како позив и тн., дури тогаш кога светскиот поттик, кој настроеностите на индивидуата ги покренува на стварен развиток, ќе биде подведен под контрола на индивидуата, како што тоа го сакаат комунистите."[23]

Маркс овде посредува изградба, а во перспектива и оделотворување, на сопствената потреба на човекот за остварување на свој, се разбира сопствен, позив, што значи дека ниту човекот треба да остане она што е, ниту неговиот позив она што порано бил.

## II. ПРВ ДЕЛ

## ВИДОВИ ПОТРЕБИ

Иако Маркс во многу свои дела зборува за различни потреби, при тоа употребувајќи множество термини за нивно карактеризирање, мошне се ретки оние места во неговото текстуално наследство во кои срекаваме обиди за класификација и систематизација на посебни видови потреби и нивно детално разработување.

Веќе споменатата, Агнеш Хелер, смета дека Маркс врши класификација на потребите и нивните типови врз основа на следниве гледишта: филозофскоисториско-антрополошко гледиште, врз основа на опредметувањето, од економско становиште, и на крајот, со помош на свесната примена на вредносната категорија "човековото богатство".[24]

Најнапред ќе се задржиме на методолошко-теориска разработка на видот потреби што ќе ги наречеме ПРИРОДНИ. Во Марксовото дело за нивно синонимно означување ги срекаваме и термините: физички, биолошки, нужни потреби.

Во"Економско-филозофските ракописи", обидувајќи се да ги определи заедничките карактеристики и специфичните разлики на животната дејност на животните и човекот, од аспектот на "производството" на потребите, Маркс го вели следново:"... тоа (животното- К.Ј.) произведува само под власта на непосредната физичка потреба, додека човекот произведува и кога е слободен од физичката потреба, и вистински произведува дури ослободен од неа".[25]

Физичките потреби, се разбира, овде имаат значење на потреби-услови, што по дефиниција важи за потребите воопшто. Но за разјаснување на карактерот на физичките потреби суштествена е анализата на условите и особено резултатите што произлегуваат од остварувањето на соодветните потреби-услови. Дури врз основа на

тоа може да се говори за разликата меѓу природнонужната и поширо-ката, специфично човечна димензија на физичките потреби, односно за разликата меѓу функционирањето и човекувањето. Структурата на физичките потреби ја исцрпува сета структура на животинските потреби, додека кај човекот таа е само биолошка основа, која ги создава условите за остварување на, за човекот специфична, структура на потреби.

Нужноста на човековите природни потреби не значи дека тие се неразвојни и непроцесуални, со непроменлива структура. За тоа Маркс во делото "Беда на филозофијата" вели: "... Мнението за нашите потреби може да се измени, па така и корисноста на стварите која го изразува односот на тие ствари кон нашите потреби. Дури и природните потреби постојано се менуваат. И навистина какви разлики постојат, на пример, меѓу предметите кои служат како главна храна кај различните народи!"[26]

Втор аспект на тематизирањето на човековите природни потреб кај Маркс е неговото разликување на природни и историски создадени потреби. Во врска со тоа, тој во "Основите на критиката на политичката економија" пишува: "Но како неуморно настојување за општ облик на богатството, капиталот го турка трудот преку границите на неговата природна потребност и така создава материјални елементи за развиток на богата индивидуалност, која подеднакво е сестрана во своето производство како и во потрошувачката, и чиј труд затоа повеќе и не се појавува како труд, туку како полн развиток на дејноста во која исчезнала природната нужност во својот непосреден облик; оти на местото на природната потреба стапила историски создадената потреба".[27]

Посоченово разликување на човековите потреби, Маркс, во "Капиталот"го конкретизира во врска со определувањето на наемнината

./.

"При споредувањето на националните наемнини мораат, значи, да се имаат предвид сите моменти кои ја определуваат измената на големината на вредноста на работната сила: цената и обемот на природните и историски развиените најважни животни потреби..."[28]

Нашиот марксистички мислител, Миладин Животиќ вака ги анализира човековите природни потреби: "Елементарните потреби се онаа граница над која престанува голиот опстанок на човекот .... Оваа граница не е постојана, туку историски променлива. Кога се говори за елементарни (природни, нужни) потреби, се говори за егзистенцијална граница, онаа граница зад која не е можен самиот опстанок на човекот. Оваа граница постојано се менува и поместува. Неа не ја сочинуваат повеќе само потребите на физичкиот опстанок-задоволувањето на гладта, потребите за репродукција на видот и потребата за заштита од елементарни несреќи (облеката, покривот над главата). Некои антрополози овие потреби ги наречуваат уште и природни, затоа што нивното задоволување го обезбедува самиот опстанок на видот. Се разбира, зборот'природни' не е земен во буквална смисла на нагон, оти сите природни нагони кај човекот доживеале трансформација на очовечување. 'Гладта којашто се задоволува со варено месо и со помош на нож и вилушка е поинаква од гладта која со помош на нокти и заби голта сирово месо; (Маркс, "Критика на политичката економија, Увод")".[29]

Антрополошкиот статус на човековите природни потреби е определен од структурата на потребите како услови за настанување и развиток на самата негова природа. Ако таа структура ја сведеме на ниво на антрополошка реализација на човекот како природен субјект, тогаш природните потреби добиваат оформувачко значење. Се разбира, никој не го негира значењето на природните потреби, како услов за опстанокот на човекот како природно суштество. Напротив, тоа само го прави суштествено разгледувањето на проблемот за определувањето

на димензиите на нивното антрополошко поле на важење во структурата на интегралните потреби на човекот како генеричко суштество. Со други зборови, природните потреби не се ништо друго до само еден, елементарен дел, но не и она што ја сочинува и оделотворува онтичката целина на, за човекот специфични, потреби.

Преминуваме кон излагање за таканаречените "ЛУКСУЗНИ" потреби. Полемизирајќи со Прудон, Маркс во делото "Беда на филозофијата" го застапува гледиштето: "дека работното време потребно за изработка на некој производ ја изразува неговата точна сразмерност кон потребите, така што предметите чие што производство чинело најмалку време се со најнепосредна полезност, и така постепено натаму. Веќе самото производство на некој луксузен производ докажува... дека општеството располага со одвишок на време кое му позволува да ја задоволи потребата од било каков луксуз".[30]

Во посочениов текст, Маркс ни го нуди економското сфаќање на "луксузните"потреби. Според него, за задоволување на овие потреби неопходно е производство на предмети кое би траело подолг временски период, заради што тие предмети ќе бидат поскапи.

Во истово дело, Маркс се залага и за нееkономско определување на "луксузните" потреби: "Цената на животните средства скоро непрекинато растела, додека цената на мануфактурните и луксузните артикли скоро непрекинато паѓала. Да го земеме само земјоделието:на најнужните предмети како житото, месото и тн., цената им расте, додека на памукот, шеќерот, кафето и тн., непрекинато им паѓа во изненадувачки степен. Па дури и меѓу предметите за исхрана во потесна смисла, луксузните артикли како артишоките, аспержите и тн., денес се сразмерно поефтини од најнужните продукти. Во нашата епоха полесно е да се изработи она што е одвишно отколку она што е потребно".[31]

Обидувајќи се да го определиме Марксовото сфаќање на"луксузните" потреби, ќе одбележиме дека во "Основите...", тој "луксузното" директно му го спротивставува на природно нужното, а мерилото за нивното разликување го доведува во врска со индустрискиот и општествениот развиток воопшто.

Треба да го спомнеме, исто така, и Марксовиот увид за заемн та поврзаност на одделни фази од развитокот на општеството и обемот на потрошувачката на "луксузните" артикли: "Секоја криза ја намалув луксузната потрошувачка; ... Обратно е во периодот на просперитетот (на капитализмот-К.Ј.), а особено за време на неговиот вртоглав процут ... Не само што расте потрошувачката на потребните животни средства; и работничката класа за миг зема удел во потрошувачката на луксузните, на неа инаку непристапни артикли ..."[32]

Фактори кои влијаат врз структурата на "луксузните" потреби во прв ред, се платежно способната побарувачка, зголемувањето на продуктивноста на трудот, промените во општествената структура и карактерот на производството. Овој последен фактор Маркс посебно го нагласува во "Основите...", кога одбележува дека на почетокот на тогашниот развиток на капитализмот во Англија доаѓа до израз процесот на прераснувањето на порано нужните потреби во "луксузни".

"Луксузните" потреби се, можеби, човекови најавтентични потреби. Дијалектиката на човековите потреби можеме најадекватно да ја изразиме ако речеме дека суштината на човековото пројавување на потребите е во претворањето на потребното во непотребно. Специфично ста, пак, на "луксузните" потреби ја гледаме низ остварувањето на нивните содржини кај човекот преку принципите на: а) селективноста; б) уникатноста и в) индиректната употребна вредност. Можеби дури остварувањето на специфичните содржини на посочениве принципи на "луксузните" потреби, ги создава претпоставките за пројавувањето

на најавтентичните форми на потребата за човековото самоостварување.

Следниов вид потреби на чијашто разработка ќе се задржиме се таканаречените "РАДИКАЛНИ" потреби. Искажување за разни аспекти на посочениве потреби среќаваме во повеќе Марксови дела како што се: "Раните трудови", "Германската идеологија", "Основите на критиката на политичката економија", првиот том од "Капиталот" и "Беда на филозофијата".

Во "Раните трудови", поточно во "Уводот кон критиката на Хегеловата филозафија на правото", Маркс ни го нуди сфаќањето на "радикалните" потреби во форма на објективирано требање од "радикална" револуција, чија претпоставка се "радикалната" теорија и "радикалните" потреби. Имено, констатирајќи дека целта на критиката на спекулативната филозофија на правото не е во самата неа како таква, туку во задачи кои можат да се решат само со практиката како единствено средство, Маркс понатаму продолжува: "Оружјето на критиката секако неможе да ја замени критиката на оружјето, материјалната сила мора да биде соборена од материјална сила, но и самата теорија постанува материјална сила кога ги зафати масите... да се биде радикален значи да се зафати стварта во коренот. А корен на човекот е самиот човек... На револуциите, имено, им е потребен <u>пасивен</u> елемент, <u>материјална</u> основа. Кај еден народ теоријата се остварува секогаш само вотолку во колку е остварување на неговите потреби... Да ли теориските потреби ќе бидат непосредно практични потреби? Не е доволно мислата да се стреми кон остварување, самата стварност мора да се стреми кон мислата... Радикалната револуција може да биде само револуција на радикални потреби, чии претпоставки и извори, се чини, токму недостигаат".[33]

Кои проблеми ги зафаќа Маркс во посочениве редови? Познатото негово објаснување на "радикалноста"; разликата меѓу теоријата како духовна и теоријата како материјална сила; разликувањето меѓу политичката и "радикалната" револуција; поврзувањето во органска

целина на "радикалната" револуција и "радикалните" потреби, отсуството на емпириското постоење на "радикалните" потреби; директната зависност на реализацијата на теоријата од остварувањето на потребите кај еден народ; имплицитната разлика и врска меѓу теориските, практичните и "радикалните" потреби; тенденцијата за надминување на самодоволноста на односот меѓу мислата за стварноста и стварноста на мислата; пораката за нивната заемна проникнатост, односно з. материјализацијата и радикализацијата на мислата и тн.

Веќе посоченово, Марксово објаснување на потеклото на"радикалноста", би било недоволно, кога тој не би го сместил во подрачјето на човечноста на човекот: ("Да се биде радикален значи да се зафати стварта во корен. Корен за човекот е самиот човек").А.Хелер смета дека Маркс овде радикалноста на теоријата ја мери со следнава вредносна премисла: радикална е онаа теорија за која човекот (човековото богатство) претставува највисока вредност.[34] А што тогаш би биле "радикалните потреби"? Ќе се мери ли нивната "радикалност" -усвојувајќи го критериумот на нивната вредносна реализација на А. Хелер-според човекот, односно човековото богатство? Очигледно, определувањето на "радикалните" потреби зависи од определувањето на вредноста на човекот, човековото богатство.

Може ли, како решение, да се земе мислата на Маркс: "Вистинското богатство... е човекот."[35] Или пак во она што тој подразбира под богат човек: "<u>Богат</u> човек истовремено е човек кому му е <u>потребен</u> тоталитетот на човековото изразување на животот. Човек во кого неговото спотвено остварување постои како внатрешна нужност...".[36] Каква е смислата на реализацијата на "богатиот човек" во форма на поистоветување на потребата од човечност и човечноста на потребите? Или можеби терминот "богат" не е најадекватен за означување на најавтентичната човекова вредност, поради множеството на неговите

напластени значења-ограничувања, па треба да се побара и понуди некој друг, посоодветен и поцелосен? Мора ли вредносното богатство на човекот да се исцрпува во материјалното човеково богатство, или е можно негово пречекорување во смисла на богатство од човекови "радикални" потреби?

Во делото "Германска идеологија" концептот за "радикалните" потреби се јавува:а) во форма на свест за разликата меѓу индивидуата како личност и случајната индивидуа и б) во форма на потребата за универзалност.

За првиот облик на концепцијата на "радикалните" потреби Маркс вели: "Напротив, кај пролетерите нивниот сопствен услов за живот, трудот, а со тоа и сите услови за постоење на денешното општество, за нив постанал нешто случајно, врз што пролетерите поединечно немаат контрола, а противречноста меѓу ... личноста на пролетерот поединечно и неговиот, нему наметнат услов за живот, трудот, му постанува виддива и на него самиот ...".[37]

Земајќи ја предвид посоченава противречност меѓу свеста на личноста на пролетерот за потребата од сопствен развиток и случајноста на неговата подреденост и "судбинска" врзаност за нему наметнатата поделба на трудот како услов за гола егзистенција, Маркс инсистира врз барањето дека: "... пролетерите, <u>за да би биле признаени како личности</u> (подцртал-К.Ј.), мораат да го укинат својот сопствен дотогашен услов за егзистенцијата, кој истовремено е и услов за егзистенцијата на сето дотогашно општество,-трудот. Тие, затоа, се во директна спротивност со формата во која индивидуите на општеството досега го наоѓале својот полн израз,-со државата, и мораат да ја урнат таа држава за да би биле признаени како личности".[38]

./.

Преминувајќи кон излагање на Марксовото третирање на потребата за универзалност, како форма на реализација на "радикалните" потреби, треба да го нагласиме фактот дека неа ја наоѓаме во три негови дела: "Германската идеологија", "Беда на филозофијата" и во првиот том од "Капиталот".

Во "Германската идеологија" Маркс вели:"... приватната сопственост може да се укине само под услови да постои сестран развиток на индивидуите, затоа што токму затекнатото општење и затекнатите производни сили се сестрани и затоа што нив можат да ги присвојат само индивидуи кои се развиваат сестрано,т.е. можат да ги направат слободна дејност на својот живот".[39]

Овде Маркс потребата за универзалност ја анализира во смисла на такво развивање на индивидуите кои би имало карактер на универзална човекова (само) дејност.

Во истото дело, ја наоѓаме следнава конкретизација на потребата за универзалност: "Кај индивидуата на пр.чиј живот опфаќа голем обем на разновидни дејности и практични односи кон светот, која значи води многустран живот (подцртал К.Ј.), мислењето има ист онаков карактер на универзалност каков и секое друго изразување на животот на оваа индивидуа. Тоа затоа не се фиксира ниту како апстрактно мислење ниту му е потребна здодевната вештина на размислување, кога индивидуата премине од мислењето на некое друго изразување на животот. Тоа е секогаш од самиот почеток таков момент во целокупниот живот на индивидуата кој по потреба (подцртал-К.Маркс) час исчезнува час се репродуцира."[40]

Во делото "Беда на филозофијата" ја наоѓаме следнава Марксова мисла:"Поделбата на трудот во работилницата со машини се одликува со тоа што трудот изгубил секој карактер на специјалност. А од моментот кога престане секое специјално развивање-почнува да се чувствува

./.

потребата за сестраност, тежнение за сестран развиток на личноста".[41]

Потребата за универзалност, во ова полемичко дело, Маркс ја доведува во врска со развитокот и карактеристиките на поделбата на трудот во машинските работилници. При тоа, тој разликува, такво развивање на трудовата дејност изразено во форма на специјалност, и такво негово оделотворување (за) дадено во облик на потребата за сестраност. Но отсуствува конкретизација на формите на реализацијата на "радикалната" потреба за универзалност.

Во првиот том од "Капиталот" донекаде се менува состојбата од аспектот на посоченава конкретизација: "Но додека менувањето на трудот сега се остварува само како надмоќен природен закон и со слепо разурнувачко дејство на некој природен закон кој сегде ги соборува пречките, самата крупна индустрија со своите катастрофи го прави прашање на животот или смртта менувањето на трудот, а оттука и што е можно поголемата многустраност на работниците, да се признае како општ закон на општественото производство и односите да се прилагодат кон неговото нормално остварување. Тоа го прави прашање на животот или смртта чудовишниот факт на бедното работно население, кое се држи во резерва, расположиво за променливите експлоатациони потреби на капиталот, да се замени со апсолутна расположивост на човекот за променливите услови на трудот; делумната индивидуа, која е само носител на една делумна општествена функција, да се замени со сестрано развиена индивидуа, за која различните општествени функции се начин на дејности кои заемно се менуваат... несомнено е дека неизбежното освојување на политичката власт од страна на работничката класа ќе го освои и за технолошката настава, теретската и практичната, местото кое и припаѓа во работничките школи. Исто така е несомнено дека капиталистичкиот облик на производството, и економските односи на работниците кои му одговараат, стојат во најполна противречност со таквите револуционерни ферменти и со нивната цел: укину-

./.

вањето на старата поделба на трудот."[42]

Основна претпоставка за остварувањето на "радикалната" потреба од универзалност е развивањето на што е можна поголема сестраност на работниците, многустраност во распонот на извршувањето на професионалните дејности, кое има значење на општа закономерност во функционирањето на процесот на општественото производство. Оделотворувањето на способноста за менување на трудовата дејност, во смисла на извршување на различни професии во текот на човековиот живот, ги создава претпоставките за заменување на делумната со сестрана индивидуа, чија животна (само) дејност ќе биде остварување на различни форми на човекување. Општествени претпоставки за пројавување на набележаниве процеси е освојувањето на политичката власт од страна на работничката класа, како и укинувањето на старата поделба на трудот, а задржување веројатно само на тн. техничка нејзина развојна форма, со оглед на карактерот на претпоставената животна (само) дејност.

Маркс во низа свои дела, а особено во "Капиталот" и "Основите...", "радикалните" потреби ги согледува и од аспект на формите на човековото самоостварување што би требало да бидат присутни во слободното време, но нив ќе ги анализираме кога ќе ја разгледуваме проблематиката за соодносот меѓу слободното време и човековите потреби.

Последниов увид во тематската разработка на "радикалните" потреби, што ќе го одбележиме во делото на Маркс, е третирањето на овој вид потреби од аспект на свеста за оттуѓувањето. Имено, тој во "Основите на критиката на политичката економија" вели:

"Материјалот кој (субјективната-К.Ј.) работна сила го обработува <u>е туѓ</u> материјал; исто така орудието е <u>туѓо</u> орудие; <u>нејзиниот труд се појавува само како додаток на нив (на материјалот и орудието)</u>

како супстанција и затоа се опредметува во нешто што нејзе не ѝ припаѓа. Дури и самиот жив труд се појавува како туѓ кон живата работна сила, чиј труд е, чие сопствено изразување на животот е... (подцртал-К.Ј.)... Работната сила се однесува кон трудот како кон нешто туѓо, па кога капиталот би сакал да ја плаќа, и да не ѝ дава да работи, таа со задоволство би влегла во таа спогодба. Нејзиниот сопствен труд ѝ е значи подеднакво туѓ (а тој ѝ е туѓ и спрема управувањето со него и тн.), како и материјалот и орудието. Затоа исто така и производот ѝ се појавува како комбинација на туѓ материјал, туѓо орудие и туѓ труд, како туѓа сопственост...

Сознавањето на производите како свои сопствени и просудувањето на изделувањето од условите на своето остварување како нешто неприлично, присилно-е голема свест, (подцртал-К.Ј.), која и самата е производ на начинот на производството заснован врз капиталот ..., како што и со пробудената свест на робот дека тој не може да биде сопственост на некој трет, со неговата свест како личност, ропството продолжува да вегетира само уште со вештачки живот, а ја изгубило можноста и понатаму да биде основа на производството."[43]

Веќе од досегашното излагање за Марксовата тематска разработка на проблематиката на "радикалните" потреби, може да се каже дека тој зафаќа повеќе нејзини аспекти: како опредметено (колективно) требање од "радикална" револуција, чија претпоставка се "радикалната" теорија и "радикалните" потреби, во форма на свест за разликата меѓу индивидуата како личност и случајната индивидуа, во облик на потребата за универзалност, од аспект на формите на човековата самореализација во слободното време и како свест за оттуѓувањето. За да го докомплетираме овој комплекс од "радикални" потреби, треба да ги додадеме уште и следниве потреби: потребата за заедница, за хумани односи, за трудот како самоцел, за развиен персоналитет, кои би се синтетизирале во потребата за автентичното човекување.

./.

Можеби најтежок проблем со кој се среќава иследувачот на "радикалните" потреби е прашањето: како да се превозмогне разликата меѓу "радикалните" потреби како претпоствен, во иднината остварлив, вредносно богат, идеален тип потреби и-"радикалните" потреби како конкретен квалитет на нивните реализирливи форми, (за) дадени во просторот на секидневното човеково опредметување. Зашто ако не се води сметка за посочениов аспект на "радикалните" потреби, тогаш лесно се доаѓа до следниов начин на нивната тематизација:

"Човек кој би бил во можност да ги реализира радикалните потреби би живеал врз основа на сопствен мотивационен систем и би имал сопствена преференција на потреби... Тој би имал 'идиоматски' потреби насочени кон остварување на оние содржини во животот што нашето секојдневие ги нема. Ние со имагинација можеме да ги доловиме тие нови содржини на животот (и тоа го прави уметноста како дејност на откривање и градење на нови содржини на животот)."[44]

Смислата на "радикалните" потреби доаѓа до израз во потрагата по најадекватните начини на остварувањето на процесите на човекувањето, во развивањето на субјективните предуслови за негово самосвојно пројавување. Да се оствари една "радикална" потреба, значи човек себеси да се исполни со неа, да се излезе од текот на обичниот биолошки процес и непосредно живеење. Остварувањето, пак, на специфичните димензии на човекувањето е секогаш определено со извесна неизвесност, што се чини и е најдлабоката суштинска карактеристика на секоја "радикална" потреба, како впрочем и на самиот човек!

На крајот на овој дел од трудов, ќе се задржиме на излагање на КУЛТУРНИТЕ потреби. Се чини дека, неопходна теориско-методолошка претпоставка, за анализирање на структурата и формите на културните потреби, е определувањето на смислата и значењето на поимот култура. Имајќи го предвид посочениов факт, овде го посредуваме следново негово сфаќање: "Треба да се рече дека, во глобалната структура на сите

човечки манифестации, културата претставува изворна димензија на човекот, највисока човечка манифестација, негова духовна егзистенција, не просто негово живеење како биолошка категорија, а право негово човекување (подцртал-К.Ј.)."[44a] И понатаму: "Размислувајќи во димензијата на марксистичката аксиологија, културата би ја ситуирале во оној дел на човековата дејност што се практикува надвор од трудот потребен за физичкиот опстанок на луѓето, значи надвор од нужниот труд. Културата во оваа светлина се покажува како... израз на човековото генеричко битие, како димензија на историчноста на човекот со која тој ѝ се спротивставува и се трансцендира од предисторијата, како агенс на дезалиенацијата и како реализирана дезалиенација, како специфично човечка манифестација која се практикува (претежно) врз естетска основа, врз основа на внатрешен однос и сатисфакција.(подцртал-К.Ј.)"[45]

Тргнувајќи од посочениве определби на поимот култура, ќе се обидеме да ги објасниме конститутивните димензии на културните потреби. Она што може да се констатира на почетокот, тоа е фактот дека културните потреби, како најспецифични потреби на човековото биднување и духовно самоостварување, се сложена, антрополошка категорија.

Антрополошката димензија на културните потреби би тргнувала од посредувањето на човекот како свесно и самосвесно суштество. Таа би била определена од генеричките изрази на активностите на човековата свест, кои резултираат во соодветните процеси на опредметувањето на човековото симболичко преобразување и комуницирање на делата од областа на културата. Од способноста за градење на имагинативен и симболичко-значенски човеков свет, низ кој се изразува предметно развиеното негово богатство. Од разликувањето на културните потреби како потенцијална, неконкретизирана и-како изградена, антрополошки

./.

димензионирана способност, која вклучува воспоставување на соодветен чин на понирање во смислата на определен објект од човековото културно и духовно производство воопшто. Од процесот на развитокот на културните потреби, од општо антрополошко својство во конкретен облик на нејзино пројавување на човекот од исклучиво внатрешни мотиви.

Кога сме веќе кај објаснувањето на антрополошките претпоставки, треба да нагласиме дека конститутивен чинител на секоја културна потреба се: субјектот и објектот на културната потреба.

Субјектот на културната потреба е човекот со свеста како своја основна карактеристика, како создател на производите од областа на културата и-како доживувачки медиум на нивното изразување и симболичко-значенска комуникација. Тој опфаќа, делумно или целосно развиена, способност за откривање на специфичното значење и смисла на културните потреби, која дури потоа може да се изрази како конкретен интерес. Да се оформи во свесно барање и мотив, кое ќе бара иманентни начини на свое задоволување во објектите на човековото културно и духовно творештво. Таа способност, исто така, претпоставува (за) познавање на специфичната природа на производите на културата, продирање во внатрешната смисла на соодветното дели, вреднување на димензиите на неговото значење, поседување "клуч" за (пр) оценување на антрополошки и аксиолошки параметри на егзистанцијата на односниот културен производ. Субјектот на културната потреба вклучува и еден свој внатрешен "слој", релативно трајна мотивациона компонента, која бара исполнување и задоволување во некој објект од културниот универзум.

Продолжувајќи со анализата на антрополошко-аксиолошката димензија на културните потреби, треба да го кажеме и следново: за да може да биде посредувана смислата и содржината на културните потреби, неопходна е трочлена структура: веќе посочениот субјект на културната потреба, објектот на културната потреба и различните процеси на комуникација меѓу нив.

./.

Објектот на културната потреба се делата на човековото творештво од културно и духовно потекло, сферата на човековите симболички и значенски дејности и нивните резултати, формите на неговото потврдување и самоостварување во предметниот свет. Основна претпоставка за развивање на културните потреби е соодветно духовно производство.

Богатството на манифестациите и содржинската разновидност на човековото културно-духовно производство, директно ги условуваат, начинот и квалитетот на конституирањето и облиците на задоволувањето на културните потреби. Ако тргнеме од протпоставката дека културното живеење е човекова специфичност, тогаш формите на неговото човекување ги доведуваме во врска со антрополошката "тежина" и вредност на објектите на културните потреби. Можеме ли врз основа на тоа да заклучиме: објектот на културната потреба и целината на неговите конститутивни составки битно ги определуваат квалитетот, интензитетот и хуманитетот на човековото културно живеење и духовно самоисполнување.

Процесот на преобразувањето на културните потреби од степен на општа, антрополошка можност во конкретна способност за вреднување, го вклучува во себе воспоставувањето и реализирањето на она што ќе го наречеме комуникација меѓу субјектот и објектот на културните потреби.

Посоченава комуникација се состои во способноста за вистинско присвојување на делата од областа на духовното производство, присвојување кое би продирало до длабоко разбирање и доживување; во врската меѓу објектите, кои се резултат на опредметувањето на човековиот дух, и неговата мисловна енергија и специфични способности кај субјектите на културните потреби; во изградувањето на критериумите за (пр) оценување на одделни културни содржини; во понирањето во она што би можело да се нарече внатрешна смисла и порака, карактеристични за дела од определена култура.

./.

Квалитативните особености на процесот на целосната комуникација меѓу објектот и субјектот на културните потреби, директно се обусловени, од степенот на оформеноста и облиците на структурираноста и мотивираноста на специфичната способност на субјектот на културните потреби, од една, како и од критериумите на познавањето на смислата и вредноста на определени дела од областа на човековата културно-духовн креација, од друга страна.

Не задржувајќи се поопстојно на другите димензии на културните потреби, ќе спомeнеме само, дека нивната културолошка димензија се изразува, во човековата поголема или помала, но во секој случај барем релативно изградена, способност за симболичка транскрипција и комуникација со делата од областа на културата, во смислата за разбирање на културната порака и "материјал" како вредности содржани во соодветни симболичко-значенски форми.

Иако културните потреби можат да се класифицираат во разни видови, што зависи од моделот и "рамките на ориентацијата" на човековото културно живеење, се залагаме за надминување на тие посебни видови потреби, и го посредуваме инсистирањето врз оформувањето и остварувањето на една универзално развиена културна потреба-човекувањето. [46]

# III. ВТОР ДЕЛ

## СТРУКТУРА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПОТРЕБИ

### 1. Производството, трудот и потребите

Пристапувајќи кон објаснување на тематската целина од проблематиката на потребите врзана за односот производството-потребите-трудот, најнапред ќе се обидеме да ја анализираме Марксовата разработка на првите два члена од посочениов однос.

На почетокот, тргнуваме од Марксовиот став, според кој, одбележанава релација поседува своевиден развоен, историски континуитет, кој од своја страна придонесува за специфичното структурирање и на производството и на потребите. Имено, тој тврди, дека човекот е принуден да прибегне кон индустриското производство дури тогаш, кога човековите потреби достигнале таков степен на својот развиток, што го надминуваат количеството на производите што ги наоѓаме готови и што ги дава самата природа во нивната употреблива форма и квалитет.[47]

Незначителна измена на посоченава формулација среќаваме и во "Манифестот на комунистичката партија": "Место старите потреби, задоволувани со домашни производи, стапуваат нови, кои за своето задоволување бараат производи од најдалечни земји и поднебја."[48]

Кај Маркс наоѓаме и објаснување на релацијата производството-потребите на разни етапи од човековиот историски развиток: во дивата, варварска состојба, на степенот на развитокот кога меѓу производството и потребите стапува посредувачкиот член-размената и во условите што се карактеризираат како капиталистичко производство.

Каква е структурата на односот производството-потребите во првата, од посочениве етапи? Еве го Марксовиот одговор: "Човекот, за себе-во дивата,варварска состојба-има затоа мерка на своето производство во <u>обемот</u> на својата непосредна потреба, чија содржина <u>непосредно</u> е самиот производен предмет.

./.

Затоа човекот во таа состојба не произведува повеќе отколку што му треба непосредно. Границата на неговата потреба е граница на неговото производство. Неговото производство се мери со неговата потреба."[49]

Јасно е дека во посоченава состојба меѓу човековото производство и неговите потреби не посредува размената, ако се апстрахира размената на неговиот труд за производот на неговиот труд.

Кога ќе се изврши размената, доаѓа до реализација на вишокот на производството над непосредната граница на потребите и поседот. Овој вишок е посредуван начин да се задоволи потребата која не го наоѓа напосредното опредметување во оваа производство, туку во производството на другиот. Разликата меѓу двеве развојни форми на релацијата производството-потребите, Маркс ја конкретизира вака: "Додека, значи, во првиот однос потребата е мерка на производството, (подцртал-К.Ј.), во вториот однос производството или, дури и повеќе, поседот на производот е мерка до каде може да се задоволат потребите."[50]

Во првиот однос задоволувањето на човековите потреби се врши директно со помош на потребата за соодветниот производ, во вториот, тоа се реализира индиректно, со помош на потребата од размена на односниот производ од човековото производство.

Третата развојна форма на набележаниов однос е производството под претпоставките што го конституираат капиталистичкото производство. Констатирајќи дека не може да стане збор за прекумерно производство на производи, во смисла на маса производи кои би биле одвишни во однос на потребите за тие производи, сѐ додека не се задоволени најважните потреби на голем дел од општеството или само неговите најнепосредни потреби, Маркс заклучува: "Мора, обратно да се рече, дека врз основа на капиталистичкото производство во таа смисла секогаш се произведува помалку отколку што е потребно.(подцртал-К.М.)

./.

Границата на производството е профитот на капиталистот, а во никој случај не потребите на производителите. (подцртал-К.Ј.)"[51]

Додека при непосредната размена, главниот дел од производството служи за задоволување на личните потреби на производителот, или на потребите на неговите сопроизводители, во стоковното производство претворањето на производите во пари, продажбата, е негов неопходен услов. Непосредното производство за сопствената потреба отпаѓа.[52] Во врска со тоа, Маркс вели:"... идеалниот однос спрема заемните предмети на нашето производство е секако нашата заедна потреба,... реалниот однос (во капиталистичкото производство-К.Ј.)... е само заемен ексклузивен посед на заемното производство."[53]

Какви би биле тогаш идеалните параментри на вистинското човеково производство? Маркс нив ги определува со помош на следниов мисловен тек: "Да претпоставиме дека произведуваме како луѓе: секој од нас во своето производство би се потврдувал двојствено себе си и другиот. Јас 1) во своето производство би ја опредметил својата индивидуалност, нејзината своевидност и затоа за време на дејноста би уживал индивидуално изразување на животот... 2) Во твоето уживање или твојата употреба на мојот предмет јас непосредно би имал уживање и би бил свесен дека во својот труд сум задоволил човечка потреба, како и дека сум опредметил човечко битие и дека затоа на потребата на друго човечко битие сум и прибавил нејзин соодветен предмет; 3) дека за тебе сум бил посредник меѓу тебе и твојот род, значи самиот ти би ме сознал и почувствувал како дополна на твоето сопствено битие и како нужен дел, дека сум се потврдил како во твоето мислење така и во твојата љубов; 4) дека во своето индивидуално изразување на животот сум го создал непосредно твоето изразување на животот, значи, во својата индивидуална дејност сум го потврдил и реализирал моето право битие, моето човечко, заедничко битие."[54]

./.

Маркс разликува две релативно самостојни и изделени структури-структура на производството и структура на човековите потреби. А прашањето за нивната врска и претходење-следење, тој го третира вака: "Да ли целокупниот систем на потребите се засновува врз мислењето или врз сета организација на производството? Најчесто, потребите потекнуваат непосредно од производството или од таквата состојба на стварите која се темели врз производството."[55]

Можеме ли да тврдиме дека, според Маркс, примат му припаѓа на производството, во смисла дека производството е тоа што создава нови потреби. Ако тргнеме од посоченово тврдење тогаш се поставуваат низа прашања. Да ли под производство Маркс овде подразбира само материјално производство или тој поим во себе го содржи она што може да го наречеме универзално производство? Да ли структурата на (материјалното) производство исцело ја определува глобалната структура на човековите потреби или само структурата на неговите материјални потреби? Ако производството создава нови потреби, можно ли е и обратно, потребите да создаваат ново производство?

Ако производството ги определува потребите, ако потребите досега биле инфериорен фактор, може ли да се тврди дека во иднина место подредување на потребите на производството, треба да се оди кон подредување на производството на потребите? Место структурата на производството да ја омеѓува структурата на човековите потреби, структурата на потребите да ја определува или барем насочува структурата на човековото производство и животот воопшто? Таа структура на човекови потреби да биде сочината не само од потребите на производството, туку и од други, за човекот поспецифични потреби. Не е ли поадекватно и антрополошки поиздржано потребите на човековото производство да ги вреднуваме само како дел, иако основен според својата егзистенцијална нужност, но не и како целина што би ја кон-

./.

ституирала самосвојната структурираност на сиот обем, на, за човекот својствен, потреби, кој има своја историска, општествено-определена, културна, духовна и друга димензија?

"Меѓуиграта" на корелацијата човековото производство-неговите потреби битно зависи од степенот на општествено-историскиот развиток. Од тоа дали човекот живее во општи животни услови омеѓени од материјално сиромаштво, економска оскудност, каде што сета структура на човековите потреби е сведена на потреби од материјално потекло или во услови на материјално изобилство, каде што материјалните потреби се само дел на структурата на човековите потреби. Структура која нема да биде субстанцијално определена само од материјалните, туку и од другите човечни потреби.

Што се однесува, пак, до прашањето за создавањето на една изворна теорија на потребите на самоуправниот социјализам, би било неопходно да се реализираат следниве претпоставки:

Покрај усвојувањети на филозофскиот поим за "човечките потреби", да се протолкува негацијата на сето она што во процесот на производството и секојдневниот живот не се остварува како човечно, туку како "нечовечно", "лажно", "вештачко" и сл.

Да се разграничат јасно потребите, желбите односно побарувачката на потрошувачите на пазарот, од човечните потреби, оти постои силна склоност за нивно поистоветување.

Да се разоткријат општествените институции, авторитетите и нивните механизми со кои ги диктираат условите и ја контролираат слободата на човекот, во условите на остварениот цивилизациски напредок на општеството, да ги задоволи своите познаени потреби.

Анализата на структурата на потребите во самоуправно насочениот социјализам треба да покаже кои се негови изразито приоритетни потреби, заради кои се забавува или дури оневозможува задоволувањето

./.

на "радикалните потреби" што значат самоостварување на човекот.

"Револуционерната" теорија на потребите на социјалистичкото општество треба да го разоткрива процесот на менувањето на "цивилизацијата на објектите во цивилизација на личностите"(Е.Фром), од кои потреби тоа треба да се откаже, да ги преброди како завет за создавање на нов човек и општество. Таа треба да предвиди и некој облик на учество на потрошувачите во решавањето како за приоритетот на предметите на потребите кои ќе се произведуваат, со цел подмирување на избраните потреби, во ситуација кога производителот уште не се раководи од мудроста на производството, пред сѐ, на употребни добра, за конкретни човечни потреби и за човечност, ами во голема мера е опседнат од производство на разменски вредности на разни симбили и марки, идоли и тн. Оти, сепак, тука се работи за производство на определен облик на човеков живот.

Посоченава теорија треба да го реши следниов суштински пролем: кои потреби на човекот и општеството во условите на посредувана та сегашност да ги подмирува, со помош на кои производствени можности, општествени институции и механизми, односно како да се воспостави (се разбира ако е возможно) непосредуваното, човечно единство меѓу производството и потребите на нашето социјалистичко, самоуправн определено, општество.[56]

На внимателниот читател и иследувач на Марксовото текстуално наследство нема да му биде тешко да направи класификација на следниве значења во кои тој ја употребува и анализира категоријата труд:

1. Средство за живот;
2. Природен услов за човековата егзистенција;
3. Социјална должност;

./.

4. Прва животна потреба;

5. Извршување на трудот во низа облици на секојдневниот живот-labour,

6. Генеричко опредметување - work,

Со оглед на карактерот и целите на студијава, ќе се запреме малку поопстојно на анализирање на трудот како животна потреба.

Тргнуваме од Марксовото разликување на појавата на потребата за труд и прераснувањето на трудот во прва, општа животна потреба; меѓу трудот како она што принудно мора да се изврши и-трудот како она што треба да се изврши; меѓу емпирискиот, секојдневен поим за трудот и-филозофскиот поим за трудот; меѓу трудот како зачувување на партикуларитетот, обезбедување на индивидуалната егзистенција и-трудот како форма на опредметување и показател за развитокот на способностите на човековата индивидуалност.

Односот меѓу човековиот труд и неговите потреби може да биде двојствен: а) Карактеристиките на самиот труд и дејноста, што му е иманентна, и, која човекот ја извршува при тоа, може да биде дадена во форма на доживување и почувствувана како автентична потреба и извор на внатрешно задоволство и однос. Со други зборови, самиот труд е потреба, постои непосредна врска меѓу потребите и трудот, потребата за труд се задоволува во трудот како потреба, при што се развиваат и трудовата дејност и субјектот на таа дејност, неговите специфични способности и потреби. Трудот е задоволување на потребата за трудот како (само) цел, а не средство да се задоволат потребите надвор од него. б) Трудовата дејност можеме да ја третираме само како средство за остварување и задоволување на, на трудот, други потреби, потреби надвор од трудот. Непосредната врска или потреба за труд не постои како внатрешна побуда и мотив, туку исклучиво како

објективна нужност и "проклетство". Односот меѓу субјектот и објектот на човековата дејност (а и самата дејност) добиваат карактеристика на незаинтересираност, а врската мешу трудот и потребите доаѓа до израз во сферата на потрошувачката а не во областа на човековото производство.

Едно од ретките места во кои наоѓаме Марксово јасно формулирање на трудот како прва животна потреба е следниов пасус од "Критиката на Готската програма":"Во вишата фаза на комунистичкото општество, кога исчезне угнетувачката потчинетост на индивидуумот на поделбата на трудот, а со неа и спротивноста меѓу интелектуалниот и физичкиот труд; кога трудот стане не само средство за живот туку дури прва животна потреба (подцртал-К.Ј.); кога со сестраниот развиток на индивидумот пораснат и продуктивните сили и кога сите извори на колективното богатство потечат пообилно-дури тогаш ќе биде можно да се пречекори тесниот хоризонт на буржоаското право и општеството ќе може на своето знаме да напише: Секој според своите способности, секому според неговите потреби!".[57]

Тематско-проблемска конкретизација на посоченава Марксова мисла, среќаваме во следниов круг на мисли на познатиот марксистички истражувач и толкува на Марксовото дело, Агнеш Хелер: "Фактот дека трудот постанува животна потреба значи, меѓу останатото и тоа дека со цел развивање на овие (човекови-К.Ј.) способности дел од човековиот живот е исполнет со целносвесни напрегања на материјалните и духовните сили со кои се одликува (физичкиот како и духовниот) труд. Но трудот воздигнат до животна потреба не е само категорија на трудот, туку-и тоа во прв ред-социјална категорија. Таа има за претпоставка луѓе кои не можат да живеат а да не придонесуваат за остварување на добра (во било кој облик), за кои е незамислив чисто 'потрошувачкиот' однос кон општеството. На трудот кој постанал

./.

животна потреба во прв ред му е својствен морален однос на слободната индивидуа кон labour . И во таа претпоставена иднина човекот работи затоа што неможе да живее без трудот; не затоа што партикуларитетот не би можел да се одржи без трудот, туку затоа што неговата слободна индивидуалност не може да се репродуцира без трудот".[58]

Трудот се јавува како основна претпоставка за реализацијата на процесот на развитокот, конкретизирањето и формите на задоволувањето на човековите потреби, било во смисла на создавање на нови потреби, било во смисла на креирање на најразновидни средства за нивно задоволување. Се залагаме за реализација на труд кој ќе ги развива човековите потреби за развитокот, креативноста, исполнети со вредносно-хумана содржина, човекови форми на комуникација и самореализација што ги квалификуваме со антрополошката категорија-човекување. Инсистирама врз изградување на така профилирана структура на потреби, која ќе ги изразува специфичната целина и смисла на индивидуалните вредности, ставови, мотивација и желби, и глобалната социоекономска, но и аксиолошко-антрополошка положба на единката во општеството.

Соодветната структурираност на природата и содржината на трудот, и карактеристиките и специфичната организација на општествената структура битно ги определуваат карактерот, квалитетот и формите на човековите потреби и начините на нивното настанување, развивање и задоволување. Ја определуваат човековата егзистенција под видот на нужност од трудот или своја потреба од и за труд, трудот како "фатална" нужност или како основна животна потреба.

Основен услов за реализација на човековата егзистенција од аспект на трудот како општа животна потреба е коренита измена на структурата на неговите потреби и неговиот труд. Со други зборови, основен предуслов за претворање на трудот во примарна човекова потреба е задоволувањето на егзистенцијалните потреби и исчезнување на труд

кој е подреден кон тоа. Вистинскиот развиток на човекот е можен дури тогаш, кога ќе се ослободи од потребите за одржување на материјалната егзистенција, и од доминацијата на потребите од чисто материјална природа. Единствено во доменот на нематеријалните вредности треба да го бараме просторот за реализацијата на процесот на суштественото збогатување на човековите потреби. Автентичниот развиток на неговите потреби почнува дури надвор од доменот на борбата за егзистенција, односно сферата на нужноста.

Само труд кој ги развива човековите креативни можности, неговата индивидуалност и слобода, може да постане прва негова животна потреба. Труд кој не се чувствува и исполнува како "неподнослив товар", во форма на диктат на надворешната принуденост, туку како труд, чија специфична природа создава можности за човеково самоостварување. Како привлечен труд, кој според увидот на Агнеш Хелер, ќе има белег на квалификуван, конкретен труд, сфера на слободна самодејност на човекот.

Основна претпоставка за специфичното манифестирање на посочениве својства на трудот на човекот и неговите потреби, односно на трудот како примарна животна потреба е економски, образовно, културно и социјално богато и слободно општество и човек. А за тоа се потребни соодветни материјални, општествени и индивидуални предуслови, со помош на кои човекот ќе се ослободи од доминацијата на изолираните приватни интереси и егоистичкото задоволување на потребите, за што е потребна поинаква мотивациона структура, општествени услови на општо богатство и високо ниво на развиеност на производните сили и на продуктивноста на трудот.

./.

## 2. Богатството и потребите

Најобемно објаснување на категориите-човеково богатство и негови потреби, среќаваме во следниов пасус од "Основите...":

"Кај старите никогаш не наоѓаме истражување кој облик на земјишната сопственост и тн. е најпродуктивен, создава најголемо богатство. Богатството не се појавува како цел на производството иако, се разбира, Катон може да истражува која обработка на полињата е најдоходовна, или пак Брут може да ги позајми своите пари со најдобри камати. Се истражува секогаш кој облик на сопственоста создава најдобри граѓани на државата. Како самоцел богатството се појавува само кај мал број трговски народи - монополитите на carryng trade (посредничката трговија)-кои живеат во порите на стариот свет како Евреите во средновековното општество. Меѓутоа, богатството, од една страна, е ствар, тоа е реализирано во стварите, материјалните производи, наспротив кои стои човекот како субјект; од друга страна, како вредност оно е чиста команда над туѓиот труд не со цел владеење туку приватно уживање и тн. Во сите облици оно се појавува во постварен лик, било како ствар, било како однос со посредство на ствар која лежи надвор и случајно покрај индивидуумот.

Така се чини дека старото сфаќање, каде што човекот, макар и во некое ограничено национално, религиозно, политичко определување секогаш се појавува како цел на производството, е мошне возвишено во однос на модерниот свет, каде производството се појавува како цел на човекот, а богатството како цел на производството. Но in fact, ако се отстрани ограничениот граѓански облик, што е друго богатството до во универзалната размена произведената универзалност на потребите, способностите, уживањата, производните сили и тн. на индивидуите? Полн развиток на човековото владеење над природните сили, оние

на таканаречената природа како и на својата сопствена природа? Апсолутно развивање на своите творечки предиспозиции, без друга претпоставка освен претходниот историски развиток, кој тој тоталитет на развитокот, т.е. на развитокот на сите човекови сили како такви, не мерено со некое однапред дадено мерило, го чини самоцел? каде тој не се репродуцира во својата определеност, туку го продуцира својот тоталитет? Не настојува да остане било што постанато, туку е во апсолутното движење на постанувањето.

Во граѓанската економија-и во епохата на производството на која таа и одговара-ова полно развивање на човековата внатрешност се јавува како потполно испразнување, тоа универзално опредметување како тотално оттуѓување, а уривањето на сите определени еднострани цели како жртвување на самоцелта на една сосема надворешна цел.Затоа детинестиот стар свет се појавува, од една страна, како повисок. Од друга страна, тој тоа и е во се каде се бара затворен лик, облик и определено ограничување. Тој е задоволување на ограничено становиште; додека модерното го остава човекот незадоволен, или, кога се појавува во себе задоволено-е банално."[59]

Што може да се заклучи од посочениов Марксов текст? Најнапред, се чини дека тој овде разликува три вида на реализација и конкретизација на човековото богатство, и тоа: а) античкото, старото како што го нарекува; б) за Маркс современото, капиталистичко и в) вистинското, според него веројатно резервирано за комунистичкото општество, пројавување на човековото богатство.

Маркс констатира, дека во античкото сфаќање, богатството не се појавува како цел на производството, односно, дека тоа се јавува како самоцел, единствено, во еден дел од трговците-застапници на посредничката трговија. Така доаѓаме до она, што е централен пункт

во Марксовото карактеризирање на реализацијата на човековото богатство во старото, античко сфаќање: човекот се појавува како цел на производството, навистина, со ограничување на тој човек било од национален, религиозен или политички карактер. Маркс овде е категоричен: земјишната сопственост, структурата на производството, формите на државната организација се средство за реализација на човекот како најголемо богатство, или со други зборови цел на производството не е материјалното богатство, туку богатството од човековото појавување, иако тоа појавување е дадено во некое ограничено определување, односно дека тој стар свет, детинест како што вел самиот Маркс, претставува задоволување на човековото богатство на ограничено становиште.

За Маркс современото, капиталистичко сфаќање на богатството го карактеризираат следниве особености:

Тоа богатство се остварува во поседување на материјални производи и, како вредност, се изразува во форма на чиста команда над туѓиот труд, со цел приватно уживање, доминација над други луѓе.

Основна карактеристика на сите облици на реализацијата на капиталистичкото богатство е фактот дека тоа се појавува како постварен лик, како постварено олицетворение на човековото опредметување, било како ствари, било како ствар-ствени односи кои се осамостојуваат, и добиваат независна, и од индивидуумот неконтролирлива, форма на своето 'суштествување'.

Во посоченово сфаќање на богатството во капиталистичкиот свет, целта на производството е-богатството, а целта на човекот е-производството. Очигледно, овде човекот и неговото вистинско богатство се сведени на средство, посредник-ствар за реализација, било на (материјалното) богатство, било на (материјалното) производство. Токму затоа, ваквата форма на остварување на човековото богатство, Маркс ј

оценува како негово пројавување на ниво на ограничен граѓански облик. Токму затоа тоа богатство човекот го остава незадоволен, или му "осигурува" само банално задоволување.

Какви би биле, тогаш, идеалните карактеристики на вистинското човеково богатство, што ни ги нуди Маркс?

Конститутивните компоненти на ова, од Маркс претпочитано, богатство, би биле следниве: во универзалната размена произведената универзалност на потребите (подцртал - К.Ј.), способностите, уживањата, производните сили и тн. на индивидуите; полн развиток на човековото владеење над природните сили на објективната и човековата субјективна природа; апсолутно развивање на човековите творечки предиспозиции, при кое тој ја произведува целината на своите човечки способности, не се репродуцира во некоја од формите на неговата определеност, туку е во постојан процес на оформување; полно развивање на човековата внатрешност, во смисла на вредносно оформување и остварување на, на човекот специфични, квалитети на самоостварување-човекување и адекватно опредметување; развивање на човековите производни сили во најшироката нивна смисла и значење; такво развивање на човекот во кое се она што тој го создава ќе му служи на и за човекот; таков начин на опредметување во кој богатството на предметниот свет нема да создава негово животно сиромаштво и антрополошко редуцирање, до ниво на гол инструмент на производниот процес.

Врз основа на досегашната анализа на формите на конкретизацијата на човековото богатство, можеме да тврдиме дека Маркс има јасна свест за постоењето на а) економска димензија на човековото богатство, која за него не ги исцрпува сите антрополошки (пр) оценки на неговото значење, и има смисла само како богатство претпоставка; и б) човечна негова димензија, која претставува надминување на човековото богатство од аспект на неговата материјална природа, има многу

./.

посложена и вредносно поизградена структурираност на своите основни чинители, а неа Маркс, ја претпочита како човеково богатство во вистинската смисла на тој збор.

Во поткрепа на посоченово претпочитање како аргумент може да ни послужи фактот според кој сфаќањето во кое цел на производството е човекот е-повозвишено, подобро, повисоко, похумано, од сфаќањето според кое цел на човекот е-производството, а цел на производството-богатството. Човечна димензија би имало човековото богатство реализирано во античкиот свет, а економска димензија богатството што е изразено во современото капиталистичко сфаќање.

Карактеризирањето на димензиите на човековото богатство зависи од начинот на определувањето на оваа антрополошка категорија. Тоа значи, дека меѓу античкото и капиталистичкото сфаќање на содржините на човековото богатство, може да постои не само гола разлика, туку и единство во таа различност, дека сфаќањето според кое целта на производството е човекот не мора да биде несоединливо со сфаќањето според кое цел на производството е богатството. Ако човековото "богатство" не се сфати економски, како поседување на материјални добра, и владеење со други луѓе, туку се сфати како човечно структурирано, како сестрано развивање на човековата личност, вклучувајќи ги човековите потреби, способности и креативни можности сфатени најшироко, можеме да речеме дека цел на производството е богатството, оти тогаш исчезнува разликата-јазот меѓу тезата дека цел на производството е-човекот и тезата дека цел на производството е-богатството.

Според Марксовото мислење, човекот не е богат тогаш кога има множество од ствари-продукти, или кога успешно експлоатира и "бездушно" доминира со други луѓе, туку тогаш кога ги развива универзално внатрешните димензии на своето вистинско опредметување-

човекување, своите автентични потреби-услови за најшироко сфатената самореализација како антропо-продукција.

Остварувањето на човечната смисла на човековото богатство, во смисла на сестран развиток на неговите способности и потреби, во смисла на таква целисходност на производството како форма на развивање на човековата личност, во себе содржи несомнени нормативни димензии, не е констатирање на она што е, туку е залагање и претпочитање на она што може и треба да биде, не е опис на она што е дадено, туку е навестување на она што е зададено.

Во "Раните трудови" ја наоѓаме следнава конкретизација на богатиот човек: "Гледаме како на местото на националноекономското богатство и беда стапува богат човек и богата човекова потреба. Богат човек истовремено е човек кому му е потребен тоталитетот на човековото изразување на животот. Човек во кого неговото сопствено остварување постои како внатрешна нужност, како потреба. (подцртал-К.Ј.). Не само човековото богатство туку и неговото сиромаштво-под претпоставките на социјализмот-добива подеднакво човечко, та затоа општествено значење. Тоа е пасивна врска која чини човекот како потреба од најголемо богатство да го почувствува, другиот човек".[60]

Полскиот етичар Марек Фрицханд, во своето дело посветено на разгледување на Марксовата етичка мисла, вели: "Човек кој одговара на тој идеал( на идеалот на човекот-К.Ј.)-... тоа е богат човек, човек чиешто богатство се состои во многубројноста и разновидноста на потребите, врз кои почива динамиката на неговиот живот и развиток. Но тоа во истовреме е "човечен" човек, оти потребите кои тој ги чувствува не се никакви други до човечни потреби".[61]

Ерих Фром во своето дело "Здраво општество" вака го интерпретира поимот "богат човек": "Слободниот човек е богат човек, но

не богат во економска смисла, туку богат во човечка смисла. За Маркса богат човек е оној кој е многу (човек), а не оној кој има многу".[62] Се чини дека е вредно овде да го одбележиме фромовото разликување на економската и човечната смисла на поимот богат човек. Тоа можеме да го доведеме во врска со неговото подоцнежно карактеризирање на видовите човеково суштествување што тој ги наречува-"да се има" и - "да се биде". Концепција која се исцрпува во поседувањето, и онааа која својата смисла ја бара во автентичното бидување-човекување.

На крајот, во обидот да го разјасниме поимот богат човек, го прибележуваме и следниов став на Агнеш Хелер: "... богат човек е човек кој е богат со човечни односи"[63], што можеме да го доведеме во врска со Марксовата мисла дека богатата индивидуалност треба да биде сестрана како во своето производство, така и во својата потрошувачка.[64]

Во натамошната разработка на овој дел од трудов ќе се запреме малку поопстојно врз разгледувањето на поспецифичните карактеристики на релацијата човеково богатство-негови потреби.

На почетокот треба да направиме јасно разграничување меѓу два вида на структурирање на посоченава релација: а) таква во која содржините на материјалното богатство ја исцрпуваат сета структура на човековите потреби воопшто и б) онаква во која тоа богатство е само дел, кој не влијае определувачки врз општата структура на човековите потреби. Тоа го спомнуваме затоа што од материјалната или нематеријалната структурираност на човековите потреби зависи, како значењето и важењето на материјалното богатство и потребите што се содржани во неговото реализираве, така и нивото на развитокот, антрополошката изграденост на она што ќе го определиме со терминот

целина на човековите потреби. Значи, треба јасно да се омеѓи структура и содржина на човекови потреби исцело конституирани од формите на реализацијата на материјалното богатство и потреби, од една страна, и таквата нивна оформеност која иманентно поседува хетерогени, не само материјални, туку и други, за човекот специфични, потреби, од друга страна.

Маркс смета дека богатството во употребните вредности е право материјално богатство. Негов извор не е само трудот, како што сметале претставниците на класичната политичка економија, туку и природата. Материјалното богатство треба да биде фактор кој ќе го овозможи негувањето на потребите на работниковиот (т.е. на човековиот воопшто) развиток. Тоа е само основна претпоставка за оформување на општото човеково богатство или на богатството на човекот во вистинска смисла на тој збор. Границите на формите на реализацијата на потребите за материјално богатство не треба да ја сочинуваат целината на содржините на човековото богатство воопшто.

Зголемувањето на потребите за материјално богатство претставува форма на реализација на човековото еднострано збогатување, на развивање на човекови истородни типови потреби. Тоа го оневозможува процесот на индивидуализирањето на човековите потреби во насока на создавање човекова единствена индивидуалност. Според Маркс, кај индивидуите во комунистичкото општество, потребите за материјалното богатство добиваат подредена улога во структурата на интегралните човекови потреби. Материјалното богатство не ја исцрпува сега структура на човековото богатство, тоа е само богатство-усло со помош на кое треба да "израсте" и да се конституира царството на претпоставениот распон на вистинитото човечно богатство.

Маркс смета дека вистинското човеково богатство доаѓа

до израз кога сите индивидуи ќе ги развијат своите производни сили во сета нивна антрополошка смисловна целина. Тоа за своја основна претпоставка го има слободниот развиток на сите човекови способности и сетила, сета широчина на човековата самодејност. Претпоставеното богатство ќе израсне дури тогаш кога структурата на човековите потреби ќе содржи внатрешни типови на индивидуални, разнородни потреби.

Битна конститутивна составка на процесот на реализацијата на правото човеково богатство е слободното време и потребите што се задоволуваат во неговите рамки. Во Марксовото текстуално наследство среќаваме повеќе формулации кои го доведуваат во заемна врска човековото богатство и неговото слободно време како што се: "слободното време како право богатство", "слободното време како мерка на богатството", "можноста на реалното богатство и слободниот развиток на индивидуалноста", "укинувањето на спротивноста меѓу работното и слободното време" и сл. Посочениве формулации, се разбира, се однесуваат на она човеково богатство што исцело би се реализирало во комунистичкото општество, што не значи дека тие во актуелниов миг немаат никаква антрополошка димензија на конкретна вредност.

Во третиот том од "Теориите за вишокот на вредноста", Маркс вели: "Времето на трудот останува секогаш, па и тогаш кога се укине разменската вредност, супстанција која создава богатство и мерка на трошоците кои ги бара неговото производство. Но слободното време, времето со кое се располага, е правото богатство-делумно за уживање на производите, делумно за слободно делување, кое како трудот не е определено од принудата на некоја надворешна цел која мора да биде исполнета, чие исполнување е природна нужност или социјална должност, туку како се сака."[65] Треба да нагласиме дека

Маркс овде посредува таква структура на потреби во која богатството што се содржи во процесот на остварувањето на содржините на расположивото слободно време на човекот има поголем аксиолошки ранг, во споредба со богатството што се изразува во процесот на извршување на трудовата дејност и времето во кое се манифестира таа.

Во "Основите ...", пак, ги наоѓаме следниве аспекти на човековото богатство: "Wealth (богатството) не е располагање со вишок работно време (реалното богатство), туку disposable time (расположиво (слободно) време) надвор од она употребено во непосредното производство за секој индивидуум и за целото општество".[66] И понатаму: "... Оти правото богатство е развиената производна сила на сите индивидуи. Мерка на богатството тогаш повеќе во никој случај не ќе биде работното време, туку слободното време. (подцртал-К.Ј.). Работното време како мерка на богатството претпоставува дека самото богатство е засновано врз сиромаштвото и дека слободното време егзистира во спротивност и благодарејќи на спротивноста кон вишокот работно време".[67] Значи, според Маркс, расположивото време е слободно време, време кое не ќе биде апсорбирано од непосредно производен труд, туку време кое останува слободно за уживање, вистински простор за слободен развиток и делување, вистинско богатство, а богатството е времето со кое се располага и ништо повеќе.[68]

./.

### 3. Слободното време и потребите

Со делумното разработување на врската меѓу слободното време и богатството на потребите, што се остваруваат во овој дел од човековиот живот, веќе навлеговме и во тематиката на антрополошката проблематика слободното време-човековите потреби, последна што ќе се обидеме да ја анализираме во овој дел од трудов.

Општите рамки на посоченава проблематика ќе ги иследиме низ следниве нивни конститутивни составки: а) работното време-слободното време; б) оттуѓувањето од слободното време; в) единството меѓу трудот (работното време) и слободното време; и г) битните антрополошки потреби што се во функција на реализација на слободното време.

Целосните антрополошки рамки на релацијата работно време-слободно време можат да се согледат и проблематизират во следниов тематски распон и временски опфат: а) сето човеково расположиво, слободно време да биде негово работно време; б) слободното време да биде конститутивна, примарна димензија на човековата специфичност и негово автентично човекување. Со перспектива која би се движела кон сведување на трудот, работното време на една занемарлива димензија во однос на времето со кое се располага. Временско ограничување на трудот на степен на нужен услов, чија антрополошка смисла би се исцрпувала во создавање на услови за слободно време на се поголем број луѓе на современата цивилизација.

Каков е Марксовиот третман на односот работно време-слободно време како составки на целокупното човеково време? Посочениов однос Маркс го разгледува во следниве дела: "Капиталот", "Теориите за вишокот на вредноста" и "Основите на критиката на политичката економија".

./.

Не е тешко да се заклучи дека од карактерот на Марксовите дела зависи и различниот однос во поглед на степенот на строгоста и доследноста во конкретизирањето и изведувањето на проблематиката, што е предмет на нашето интересирање. Тоа значи, дека во "Капиталот" и "Теориите за вишокот на вредноста" строгоста на изведувањето и развивањето на категориите на Марксовата критика на политичката економија на граѓанското општество, недвосмислено, резултирала со поголем степен на ригорозност во антрополошкото определување на суштинските компоненти на работното и слободното време, за разлика од "Основите ...", кои, како што ни е познато, имаат карактер на подготвителни списи, каде што степенот на конкретизацијата и разработката на поимите е поеластичен и имплицитно назначен.

Најобемна, текстуално поместена, анализа на односот работно - слободно време срекаваме во "Основите...". Пред сè, овде, а и во другите две дела, Маркс овој однос го разгледува како општествено-историска, развојна категорија, со две, според него, карактеристични и јасно изделени етапи: односот работното-слободно време во капиталистичкото и сите нему претходни општества, и проективната димензија на овој однос во идното комунистичко општество.

Кои се основните карактеристики на работното и слободното време во капитализмот, кај работничката и капиталистичката класа? Во врска со тоа, Маркс вели: "Тоа што работникот мора да работи во вишокот од време, е идентично, со тоа дека капиталистот не треба да работи, па така неговото време е поставено како не-работно време; така што тој не го работи ниту <u>потребното</u> време. Работникот мора да работи во вишокот од време за да би смеел да го опредмети,оплоди, т.е. објективира работното време кое е потребно за неговата репродукција. Затоа, од друга страна, и <u>потребното работно време</u> на

капиталистот е слободно време, време кое не се бара за непосредно издржување. Со оглед дека слободното време е-време за слободен развиток, капиталистот го узурпира слободното време кое работниците го создаваат за општеството т.е. за цивилизацијата..."[69]

Овде треба да го подвлечеме Марксовото вреднување на работниците, кои го реализираат работното време, го создаваат слободното време во капиталистичкото општество, но се разбира неговото ползување не е рамноправно распределено на сите членови во тоа општество. Капиталистите го присвојуваат, па дури го "поставуваат" туѓото работно време, создавајќи си со тоа претпоставки за свое слободно реме, оневозможувајќи го манифестирањето на општественото слободно време. "Кражбата" на туѓото работно време го овозможува воспоставувањето на своето сопствено слободно време!

Маркс тврди дека слободното време во капиталистичкото општество има антагонистичка егзистенција, опстои врз основа на спротивноста кон вишокот на работното време, создавањето на големи количества слободно време се покажува како слободно време за некои, а не за сите. Противречниот карактер на егзистенцијата на слободното време во капиталистичкото општество се изразува во тоа што капиталот создава слободно време, но истовремено го претвара во вишок од труд, оти работното време за него е основа, извор и мерило на богатството, оти неговата цел е директно вредноста, а не употребната вредност.[70]

Во врска со деградацијата на индивидуумот на гол работник, Маркс во "Капиталот" вели: "Пред се, само по себе се разбира дека работникот целиот свој живот не е ништо друго до работна сила и дека, според тоа, сето негово расположиво време, по природа и по право, е работно време, значи дека му припаѓа на самооплодувањето на капиталот."[71]

./.

Преминувајќи кон излагање на Марксовото сфаќање на антрополошката релација работно време-слободно време во комунистичкото општество, треба да кажеме: дека тоа ќе биде општествено слободно време, што значи дека работното време на сите членови на општеството, -кое ќе служи за подмирување на нужни потреби, кои ќе бидат споредни во структурата на човековите потреби,-ќе нуди можности за индивидуализирање на слободното време; дека во работното време ќе се остварува нужниот вишок на производите; дека материјалната дејност ќе биде така организирана и според времетраењето и според степенот на нејзината продуктивност, што на секој човек ќе му останува време за друга, слободновременска дејност; дека и структурата на целокупното човеково време ќе биде составена како од работното така и од слободното време; дека сведувањето на нужно-потребното работно време на општеството на минимум ќе го постави за определувачка аксиолошка цел-слободниот развиток на индивидуалноста, или поконкретно речено, уметничкото, научното и т.н. развивање на индивидуата, за што општествени претпоставки ќе бидат ослободеното време и создадените средства.

Ограничувањето на работното време на сето општество на се помал минимум е поврзано со настанувањето на такво време на сите кое би се ослободило за нивен <u>сопствен</u> развиток и димензионирање, со соодветни човечни потреби. Материјалното производство ќе обезбедува богатство на сите луѓе, од една страна, и квалитативен развиток на слободното време за сите, што ќе овозможи слободното време да биде антрополошко и аксиолошко мерило на идеалното човеково богатство и автентичен израз на неговото човекување, од друга страна.

Кон ова да го додадеме и Марксовиот став дека заштедата на работното време е идентична на зголемувањето на слободното време,како време за полн развиток на индивидуумот, кој од своја страна, деј-

ствува повратно врз пориизводната сила на трудот, како најголема производна сила. Потоа, ставот дека слободното време е простор за развиток на полните производни сили на поединецот, а значи и на општеството, за што претпоставка е потребното работно време да ја добие својата мерка во потребите на општествениот индивидуум.[72]

Поопстојно и поразработено детализирање на релацијата работно-слободно време во комунизмот, Маркс ни нуди во следниов комплекс од мисли во III-тиот том на "Теориите за вишокот на вредноста": "... Времето на трудот (т.е. работното време-К.Ј.) останува секогаш, па дури и тогаш кога се укине разменската вредност, супстанција која создава богатство и мерка на трошоците кои ги бара неговото производство. Но слободното време, времето со кое се располага, е вистинското богатство делумно за уживање на производите, делумно за слободно делување, кое како трудот не е определено од принудата на некоја надворешна цел која мора да биде исполнета, чие исполнување е природна нужност или социјална должност, туку како се сака.

Се разбира по себе, дека самото работно време, заради тоа што ќе биде ограничено на нормална мерка, потоа што повеќе не се работи за некој друг, туку за самиот себе, заедносо укинувањето на социјалните спротивности меѓу господарот и слугата и т.н., како навистина социјален труд, најпосле како основа на слободното време, добива сосема друг, пoслободен карактер и дека работното време на еден човек, кој воедно е човек кој располага со слободно време, мора да има многу повисок квалитет од квалитетот на работното животно".[73,7]

На фактот за изменетиот карактер на работното време во идното, како што вели самиот, "слободно и рационално", општество се осврнува и Херберт Маркузе, кога во своето прочуено дело "Човекот со една димензија", го вели следново: "... човековата борба со природата

./.

е се повеќе борба со неговото општество, чии моќи над поединецот постануваат се 'порационални' и затоа понужни од било кога порано. Па сепак, додека сферата на нужноста останува, организирањето на оваа сфера со оглед на квалитативно различните цели би ги изменило не само начинот туку и обемот на општествено нужното производство..."[75]

Преминуваме кон излагање на проблемот на човековото оттуѓување од слободното време. Глобалниот антрополошки статус и вредност на слободното време зависи од глобалниот концепт и "рамка на ориентација" на смислата и целите на човековото живеење, тоа е дел од целината на облиците на остварувањето на неговото човекување. Ако тргнеме од ваквата онтолошко-антрополошка вредност на слободното време во интегралната структура на човековите потреби, тогаш го поставуваме прашањето: кога постои оттуѓување на човекот од потребата за слободното време? Тогаш и само тогаш, кога целите и вредностите што се реализираат и се реализирливи во содржинските текови на слободното време се наоѓаат надвор од него, имаат хетерономна егзистенција, а не се битен конститутивен момент на смислата и реализацијата на потребата од смисла на човековото живеење, кога тоа слободно време нема димензија на лично време, не е насочено кон развивање на хуманистичката димензија на сопството и самосвојноста на човековата личност.

Во врска со тоа Маркс во "Капиталот" вели: "Пред се, само по себе се разбира дека работникот целиот свој живот не е ништо друго до работна сила и дека, според тоа, сето негово расположиво време, по природа и по право, е работно време, значи дека му припаѓа на самооплодувањето на капиталот. Времето потребно човекот да се изгради, духовно да се развие, да врши општествени функции и да живее со општествен живот, времето за слободната игра на физичките и духовните

./.

СЕМИНАР ЗА ФИЛОЗОФИЈА СКОПЈЕ

сили, дури и неделниот празник-па макар и во земјата на побожните саботари-каква лудорија!"[76]

Овде со сета "неизбежност" испакнува фактот, дека структурата на потребите на работникот може да биде и е составена исцело од наметната "потреба" од работно време, како средство за физичка репродукција. Маркс во "Раните трудови" обрнува внимание и на фактот според кој потребата за присвојување ги апсорбира сите други човекови потреби, па и потребата од слободното време, во рамките на приватната сопственост:"Секој човек спекулира со тоа на другиот да му создаде нова потреба за да би го присилил на нова жртва, за да би го ставил во нова зависност, та да би го завел на нов начин на уживање, а со тоа на економска пропаст. Секој се обидува над друг да создаде туѓа суштинска сила за да би ја задоволил во тоа својата сопствена, себична потреба.Затоа со масата предмети расте царството на туѓите суштества на кои човекот им е подјармен, а секој нов производ е нова потенција на заемно измамување и заемно ограбување. Човекот постанува дотолку посиромашен како човек,..."[77]

Покрај Маркс, и низа современи марксистички филозофи, го анализираат проблемот на човековото оттуѓување од слободното време. Ние ќе се задржиме малку повеќе на ставовите на Ерих Фром, кој во своето прочуено дело "Здраво општество" на следниов начин ја третира оваа проблематика: "Овој оттуѓен став кон потрошувачката постои не само во нашето здобивање и потрошувачка на стоката туку, далеку надвор од таа област, тој го определува и нашето користење на слободното време. Што може да се очекува? Ако човекот работи без интерес за она што го работи, ако тој купува и троши стока на еден апстрактен и оттуѓен начин како тогаш може да го користи своето слободно време на активен и содржаен начин. Тој секогаш останува пасивен и оттуѓен потрошувач.Тој

./.

ги 'троши' фудбалот, филмовите, весниците и списанијата, книгите, предавањата, природните убавини, општествените собири, на истиот отуѓен и апстрактен начин на кој ја троши стоката која ја купува. Тој не учествува активно, тој сака да 'зема' сѐ што може да се зема и да има што е можно повеќе задоволства, култура и т.н. Всушност, тој не е слободен да го користи 'своето' слободно време; користењето на слободното време го определува индустријата, како и стоката која ја купува, со неговиот вкус управуваат други, тој сака да го види и чуе она што му е предодредено да го види и чуе; забавата е индустрија како и секоја друга, купувачот е условен да купува забава како што е условен да купува облека и обувки. Вредноста на забавата е определена од нејзиното успех на пазарот, а не од нешто што би можело да се мери со човечки термини".[78,79]

Расправајќи за истава тематика, Фром во делото "Револуција на надежта", констатира дека човек пасивен во процесите на производството и организацијата, останува таков и во своето слободно време; дека денес имаме повеќе слободно време од било кога порано, но повеќето луѓе него го ползува во форма на пасивно бидување; дека слободното време се ползува обично за пасивно посматрање или за потрошувачка, само ретко тоа постанува израз на едно активно суштество и се залага за активно ползување на човековото слободно време.[80]

Оттуѓувањето на потребата од слободно време може да се јави во повеќе свои изразни форми како што се: идолите и идолатријата, рекламата, шундот, потрошувачкото слободно време, потрошувачката културна продукција и сл. Премостувањето на разликата меѓу продуктивната и непродуктивната насока на човековото суштествување може да биде реализирано со надминување на следниве спротивставености: траењето-моментноста, слободниот избор-манипулацијата, критичноста-идолатријата, автентичната култура-потрошувачката култура, учењето-приучувањето, чо-

./.

векувањето-функционирањето и сл. Тоа ќе создаде антрополошки претпоставки за отстранување на драстичните димензии на манифестирањето на човековото оттуѓување од неговото слободно време и за конституирањето на генеричкиот облик на неговото опредметување.[81]

Следниов аспект од глобалната проблематика за односот меѓу слободното време и потребите, на кој ќе се запреме, е иследувањето на заемната поврзаност и единството меѓу работното и слободното време, како конститутивни составки на интегралното човеково време.

Врз основа на сето досега искажано за односот меѓу слободното и работното време; врз основа на ставовите дека човек што располага со слободното време го зголемува квалитетот на своето работно време; дека развитокот на индивидуата, што се одвива во слободното време, делува повратно врз производната сила на трудот како најголема производна сила; дека слободното време го изменило својот сопственик во поинаков субјект и како таков влегува во процесот на производството; дека работното време треба да содржи труд кој ќе значи самореализација на индивидуумот, труд кој ќе има, од една страна, научен, а од друга, општествен карактер; дека работното време ќе биде ограничено на нормална мерка и неопходен општествен минимум; дека работното време ќе биде основа на слободното време; дека тоа ќе биде работно време на човек кој ќе располага со своето слободно време; дек работното време ќе остава простор за манифестирање на содржините на слободното време; дека работното време во комунизмот добива послободен карактер, ќе претрпи битни промени, ќе има во својата основа а не апсолутно-неоттуѓен карактер; дека зголемувањето на продуктивноста на трудот ќе го овозможи скратувањето на работното време, што за последица ќе го има зголемувањето на слободното време, како подрачје на развитокот на човековите битни способности др., може да се

./.

изведе заклучокот за единството меѓу трудот, работното време и слободното време во Марксовото дело. Тоа ни го посочува и следново негово експлицитно, текстуално формулирање: "Дека впрочем самото непосредно работно време не може да остане во апстрактна спротивност спрема слободното време-како што тоа се појавува од становиштето на граѓанската економија-се разбира само по себе".[82]

Маркс се залага за единство, за суштинска поврзаност, антрополошко-аксиолошка меѓузависност и условеност на работното и слободното време, што би се манифестирале во процесот на човековото самоостварување, опредметување според сопствената (само) цел, посредувано со помош на нему иманентна дејност, сопствената антропокреација и антропоконкретизација-практика. Тој смета дека интегралните содржини на, на човекот "доделеното" , време претставуваат претпоставки за, нему соодветното, изградување на конститутивните составки на неговото човекување, како специфично појавување на човековата генеричка суштина. Надминувањето на спротивставеноста работното-слободното време ќе биде овозможено дури со реализацијата на процесот на ослободувањето на трудот од неговата наемна потчинетост, од една страна, и од преобразувањето на трудот од средство за живот во прва животна потреба, во основен услов за појавувањето на човековата самодејност и самосвојност, што Маркс временски го сместува во вишата фаза на комунистичкото општество, од друга страна. На тотален човек му одговара и тотално животно време!

Покрај Маркс, и многу други мислители го подвлекуваат ставот дека слободното време не може да се изучува, изделено од работното време, како некој самосвоен ентитет, кој сам по себе ќе ја реализира човековата слободна самодејност.

Најнапред го свртуваме вниманието врз зборовите на прочуениот

./.

француски марксистички филозоф, Анри Лефевр, дека слободното време не може да се иследува издвоено од трудот, оти сите негови, позитивни или негативни импликации се манифестираат повеќеслојно во слободното време. Имено, тој вели: "Истиот човек се одмара или почива или на свој начин се занимава со нешто по работното време. Секој ден, во ист час, работникот излегува од фабриката, службеникот од установата. Во секоја седмица саботата или неделата припаѓаат на невртката со правилноста на секојдневната работа. Треба значи да се сфати единството работното-слободното време, оти тоа единство постои и оти секој настојува да го уреди својот дел од расположивото време во зависност од она што неговиот труд е-и што неговиот труд не е".[83]

Рајт Милс укажува на поврзаноста на проблемот на работното време, т.е. трудот и проблемот на слободното време,[84] додека во своето прочуено дело "Знаење и моќ" вели:"... Слободното време треба да биде она што треба да биде и трудот, а што обично не е ниту едното ниту другото: област на независна акција... Зарем не е вреден да се живее како живот секој живот во кој <u>трудот и слободното време се само фази на една значајна целина</u>".[85](подцртал-К.Ј.).

Во осамостојувањето на слободното време, како изделено временско подрачје, не верува ниту Дејвид Ризман. Во своето познато дело "Осамена толпа", тој во врска со тоа вели:"Всушност, ние набргу сфативме дека товарот кој дезинтеграцијата на трудот го ставила врз слободното време е премногу огромен за да би му се спротивставила таа успешно; самото слободно време не може да го спаси трудот, нема во тоа успех, и за повеќето луѓе тоа може да биде содржајно само кога трудот е содржаен, така што поверојатно е дека оние особини кои ги баравме во слободното време можат да се најдат таму тогаш кога општествената и политичката акција ќе бие битка на два фронта, (на фронтот -К.Ј.).

./.

на трудот и на слободното време."[86] На тој начин Ризман го исправа некогашниот свој оптимизам, според кој, излезот од зголемувањето на работното време и отсуството на задоволството во производството, може да се надомести со слободните активности, што ќе се реализираат во слободното време.

За да го заокружиме овој тематски пункт, ќе наведеме и ставови на двајца наши марксистички мислители. Јонче Јосифовски вака го определува распонот на синтагмата работното-слободното време: "... слободното време има смисла и важност само гледано во својата релација, цврста и нераскинлива, со работното време... И во работата и во невртката човекот треба да остане човек".[87,88]

Познатиот југословенски истражувач и интерпретатор на феноменот на слободното време, Ратко Божовиќ, во повеќе свои трудови го анализира посочениов проблем. А во врска со надминувањето на изделеноста и спротивставеноста меѓу работното и слободното време, ги бележиме следниве негови мисли: "Потполната хуманизација на трудот паралелно со ликвидацијата на класните спротивности е претпоставка за ликвидација на противречноста меѓу работното и слободното време, услов да се оствари единственото и целосното човеково време, кое би му ја вратило покренувачката и творечката сила во сите аспекти на неговиот живот, во неговата целокупна животна практика. Тоа е патот до творечката слобода и творечкиот труд. Всушност, поделбата на работното и слободното време одговара на класното општество и старата поделба на трудот. Од иднината може да се очекува да се оствари такво слободно време кое не ќе биде 'позитив' или 'негатив' на трудот, особено затоа што и самиот труд ќе биде ослободен и творечки. Може да се верува дека тогаш слободното време не ќе биде време на физичка и интелектуална мрзливост, туку време на слободна рефлексија и своевидна дејност која битно би влијаела врз човеко-

вата природа, чинејќи ја и почовечна и покреативна."[89]

Надминувањето на дихотомијата работно време-слободно време претпоставува квалитативни измени во овие два сегмента од човечкиот живот, кои би биле насочени кон развивање на специфично изградено и самодејно слободно време и поопштествено, со потребите на социјализираниот човек, проникнато и ограничено работно време. Тоа ќе осигура претпоставки за конституирање на индивидуализирани облици на единственото и интегрално човеково време, на пример со следнава можна, но не и единствено податлива и посакувана, антрополошко-аксиолошка структура: моменти посветени на самоизградување и самоусовршување, специфично димензионирано, сопствено "обоено" слободно време, разновидни заеднички активности па до времето за производство, работното време, во кое се создаваат материјални добра насочени кон задоволување на општите општествени и единечни потреби и вредности.

На крајот, да го разгледаме подетално односот меѓу слободното време и човековите потреби или, поконкретизирано речено, да се обидеме да ги изделиме оние битни антрополошки потреби што се во функција на реализација на слободното време.

Во целокупното Марксово текстуално наследство наоѓаме голем број искази, кои јасно сведочат дека тој на слободното време му придавал исклучително важна улога во димензионирањето и задоволувањето на суштествените и за човекот, самосвојни, потреби. Ќе направиме обид енумеративно да ги посочиме најкарактеристичните потреби, што се внатрешна содржина на вистинското, антрополошки изградено, слободно време. Тоа, пред сѐ, е време во кое се одгледува и реализира потребата за човеков слободен развиток, односно време кое е неопходно потребно за таков развиток; време за развиток на човековите духовни капацитети, за духовно присвојување на природата: за умет-

ничкото, научното и другите форми на индивидуализирано развивање на сопственикот на слободното време; слободното време е простор за развиток на полните производни сили на поединецот, а со тоа и на општеството; тоае време за човеков сопствен развиток; време во кое се реализира како потребата за неврткa, така и потребата за вистински човечната, виша дејност-за слободната дејност; време во кое се остварува вистинското човеково богатство; неговото духовно развивање, слободната игра на човековите физички и духовни сили; тоа е време со кое се располага; кое не ќе биде апсорбирано од непосреден производен труд, туку останува слободно за уживање; простор за слободна дејност и самодејност и така натаму.

Се разбира, со наброениве, не се исцрпени сите суштествени, антрополошко-аксиолошки димензии што треба да се реализираат во вистинското, човеково слободно време. Но пред да ги набележиме тие потреби, да го кажеме и следново: антрополошките потреби и времето што е потребно за нивно изградување и задоволување, што ни ги посочува Маркс, треба да се суштинска карктеристика не само на слободното, туку и на интегралното, човеково животно време, како претпоставки за конституирање на вистинскиот човек, вистинските човечни потреби и вистинското човечно слободно време! Но дали сето тоа е можно да се оствари или пак тоа ќе остане само Сизифова работа и неостварлив идеал?

Како вистински човечни потреби слободни сме да ги предложиме: изградбата на потребата за специфична човечна мерка во култивацијата на човековата индивидуалност, која ќе ги вклучува потребите за самосоздавање, самоостварување, самоусовршување и самодимензионирање на неговата своевидна персонална структура; потребата за лични содржини и вредности на животот; потребата за развиток на сопстве-

./.

ната индивидуалност; потребата за духовно богатство на човекот; потребата за изградба на човековата внатрешна потреба за создавање и усовршување на неговите разнострани способности; потребата за остварување на смислата на човековиот живот; потребата за изградба на тотални човекови потреби; потребата за духовно развиена личност, наспроти потребата за потрошувачка заради потрошувачка и потребата за поседување и присвојување на разновидни стоки и другите производни потреби; потребата за сопствен идентитет; потребата за реализација на вредноста на работното време како претпоставка за манифестирање на потребата за самата вредност на слободното време; потребата за изградба на културни потреби кои ќе влијаат битно врз човековата внатрешна преобразба и самопотврдување; потребата за автентични потреби како една од суштинските човечки потреби; потребата да го менува постојното; потребата за трагање по нови начини на човековото самопотврдување; потребата за култивирање на потребата за умеење да си припаѓаш себе си; потребата да ја изразиш специфичноста на својата егзистенција и својата креативност; потребата за адекватно користење на слободното време; потребата од изградба на потреба за сопствено структурирање на своето слободно време; потребата од формирањето и профилирањето на човековите потреби; потребата од, врз основа на човековата цивилизација, родената потреба на човекот да се развива;[90] потребата од воспоставување на сопствен, самосвоен однос кон тоталитетот на појавното; потребата од реализација на сопствената човечност; потребата од создавање на нови потреби и сл.

Општиот статус на посочениве, а и на други човечни потреби, ќе биде изменет и специфично реализиран, од посебните антрополошко-аксиолошки димензии на човекувањето, во многубројните форми на неговото пројавување и конкретизирање.

./.

Завршувајќи ја проблематиката за односот меѓу слободното време и човековите потреби, како резиме, ги нудиме следниве побитни заклучни забелешки:

а) Според Маркс, адекватен пристап кон суштината на слободното време претпоставува соодветен онтолошко-методолошки потход, теориско-методолошка основа, кои би се изразувале во димензијата на критичкото и целосно проблематизирање на слободното време, како дел од целината на човековата животна практика, во хоризонтот на тоталитетот на условите на неговата егзистенција, чија најиндивидуализирана димензија се токму содржините на слободното време.

б) Суштествена антрополошка карактеристика на слободното време, за Маркс, се покажува во развивањето на човековите генерички способности и потреби.

в) Марксовото објаснување на потребата од развиток на потребата за слободното време, и потребите што се содржани во неговото содржинско и временско ефектуирање, го сместува овој сегмент од човековото интегрално пројавување во сферата на тематиката на човечките мерила за неговото вреднување, кои ќе водат кон сестрано развивање на човекот, а не само кон негово економско збогатување.

г) Токму затоа, слободното време-како изборено време за реализацијата на потребата од сопствен развиток и самосвојно човекување, како основа на работното време, како услов за афирмирање на меѓучовечките односи и култивирање на заедничкиот живот, како време во кое човекот ќе учествува во формирањето на своите потреби и во обемот и квалитетот на нивното задоволување, според Маркс-е вистинско мерило за вистинското човечно богатство.

д) Тој хуманизацијата на човекот и неговото самосвојно самоостварување не ги бара ниту во сферата на работното време, ниту во подрачјето на слободното време, туку низ човековото, целокупно, животно, единствено време.

./.

## IV. З А К Л У Ч О К

Во заклучниов дел од трудов, ќе се задржиме на еден, според нас, битен тематско-проблемски пункт на оваа антрополошка расправа, а тоа е: разликата меѓу човековите потреби, односно потребите на луѓето и-човечните потреби, кај Маркс и мислителите од марксистичко потекло.

Преминувајќи кон излагање на посочениов пункт, тргнуваме од следново, на повеќе места имплицитно претпоставено, а на многу помалку места во Марксовото текстуално наследство, експлицитно назначено, но за нас мошне битно, антрополошко-аксиолошко разликување, од една страна, на човечни потреби, а од друга страна, на човечки потреби, потреби на луѓето, односно потреби кои се јавуваат кај луѓето. Тој особено инсистира врз поимната разлика меѓу човековите и човечните потреби, која треба да се преобрази во практична и вредносно-осмислувачка во идното комунистичко општество. Ако веќе сакаме да го определиме односот меѓу човековите и човечните потреби, Маркс смета дека сите потреби на луѓето не се човечни потреби, односно дека во структурата и содржината на човековите потреби, покрај човечните, постојат не-човечни,а човекови потреби, ги разликува потребите како стварносен фактицитет и-како вредносен нормативитет.

Во натамошното излагање ќе се обидеме посебно да го истражиме Марксовото разликување меѓу човечните и човековите потреби. Во човекови потреби Маркс ги обројува: потребата за пари, потребата за свирепост, егоистичките потреби,"практичните" потреби, потребите од чисто утилитарен карактер, "рафинираните" потреби, "примитивните" потреби, биолошките потреби, ограничени на нивната исклучиво животинска димензија и изделени, во смисла прекумерно зголемени и единствени, од целината на човековите дејности, "манипулираните" потреби,потребата за поседување, "потребата" од труд како средство за егзистенција, економските потреби, разновидните манифестации на оттуѓените потреби,

како што се: потребата на капиталот за оплодување, системот на потреби наметнат од поделбата на трудот, дополнителната пројава на потребата на пазарот, ограничувањето на потребите од страна на работодавачите на "артикли неопходни за живот" и др.,[91] потреби насочени кон одржување на животот, "луксузните" потреби, "новите" потреби, "вештачките" потреби, потребите за потрошувачка, потребата за натрупување на определен тип потреби и т.н. На сите посочени, а и на многу други овде неспомнати потреби, Маркс им ја признава фактичката егзистенција и антрополошката присутност, но им ја одречува нивната аксиолошка и смисловна важност и "тежина", оценувајќи ги,помалку или повеќе, како нечовечни потреби.

А што се, и кои се, тогаш, според Маркс, човечните потреби?

Најнапред, да спомнеме дека поимот човечни потреби, за Маркс претпоставува димензија на позитивна вредност, (пр) оценувачко значење и смисла и обид за надминување на позитивниот фактицитет во пожелен вредносен нормативитет и проектиран антрополошки "реалитет".

Маркс смета дека вредносната определба 'човечни потреби' соодветствува на оние потреби кои ги изразуваат за човекот, како специфичен род живо суштество, најкарактеристичните својства и најсуштествените вредности на неговата човечна природа.

Можеби, за Маркс, најкарактеристичната човечна потреба е потребата за творечка, слободна, со еден збор: практичната (само) дејност, во која се изразуваат внатрешните димензии на самосвојноста на модусите на човековата објективација во продуктите на материјалните и духовните вредности, во цивилизацијата и културата воопшто.

Истоветна на посоченава, а можеби и со повисок аксиолошки ранг, според Маркс, е и човечната потреба од уметничка дејност, чија специфична содржина далеку ги надминува димензиите на човековите

физички потреби. Понатаму тука спаѓа и човечната потреба од спонтан труд, кој резултира со животна радост и антрополошки богато задоволство, кое не само што ги пречекорува димензиите на обезбедување средства за живот, туку се пројавува како урнек на автентичната самоафирмација на човечкото човекување.

Во неразлачна врска со претходнава, е и човечната потреба за опредметување-себеизразување и себесоздавање, чија антрополошко-аксиолошка претпоставка е слободната и творечка човекова дејност, со што природните предмети се претвараат во вредности и дела на цивилизацијата и културата. Во структурата на човечните потреби можеме да разликуваме и такви потреби кои имаат позитивно-вредносен, општествено-историски карактер, во кои се изразуваат општествено-историските рамки на човековата човечна природа (потребата за учење, потребата за зачувување на физичкото и менталното здравје, разновидните културни потреби, потребата за заедница и т.н.)

Најпосле, тука ќе ги вброиме и оние биолошки потреби на човекот кои стануваат човечни само под услов ако во своите облици на манифестирање се вреднуваат како очовечени, негувани и вклопени во целината на човековата култура и цивилизација воопшто.

Според Маркс, нема човечен човек, човек со човечни потреби, без манифестација на човечни односи: "Ако го претпоставиш <u>човекот</u> како <u>човек</u>, <u>а неговиот однос кон светот како човечен однос</u> (подцртал -К.Ј.), љубовта може да ја замениш само со љубов, довербата само со доверба и т.н. Ако сакаш да уживаш во уметноста, мораш да бидеш уметнички образован човек; ако сакаш да вршиш влијание врз другите луѓе, мораш навистина да бидеш човек кој делува поттикнувачки и унапредувачки врз другите луѓе. Секој од твоите (човечни-К.Ј.) односи кон човекот-и кон природата-мора да биде <u>определено изразување на</u>

твојот реален индивидуален живот ...".[92]

Значи, според Маркс, човекот, со помош на човечните односи-индивидуални својства, преку просторот на животното изразување, треба да постане човечен човек!

Најадекватна илустрација на Марксовото сфаќање на човечните потреби и човековата човечност претставуваат неговите оценки за тоа какви односи треба да постојат меѓу мажот и жената. Во врска со тоа, тој вели: "Во односот кон жената како плен и слугинка на заедничкото уживање е изразена бескрајната деградација во која човекот постои за себе самиот, оти тајната на тој однос има свој несомнен, решавачки отворен, откриен израз во односот на мажот кон жената и во начинот како се сфаќа непосредниот, природен, генерички однос...; односот на мажот кон жената е најприроден однос на човек кон човек.... Во тој однос, исто така, се покажува колку човековата потреба постанала човечна потреба, колку значи, другиот човек како човек му постанал потреба, колку тој во своето најиндивидуално постоење истовремено е и општествено битие".[93]

Маркс смета дека човекот е само тогаш навистина човек, кога неговите потреби се човечни потреби, кога човечните потреби се оформиле како негова човечна природа, кога се изразуваат како потреби чија предметна содржина е другиот човек како човек, а не како биолошко тело или произведена стока!

Можеби најпрецизна и најпродлабочена формулација и конкретизација на Марксовото сфаќање на човечниот човек, на автентичниот човек со човечни потреби, среќаваме при неговото опишување на идеалните белези на човековото производство, (во врска со тоа погледни на стр. 32-33 од овој труд).

./.

Маркс човечните потреби ги анализира од аспект на нивниот историски развиток, благодарејќи на што тие се во процес на постојано збогатување и конкретизирање.

Тој предвидува дека во комунистичкото општество нема да постои противречност меѓу структурирањето на човечните потреби и можностите на нивното позитивно-вредносно задоволување, со што ќе се осигури простор за конституирање на вистинската човекова историја, во која критериумот на човечноста на потребите ќе претставува субстанцијална составка на човечното човекување.

Во натамошното излагање ќе се запреме на сфаќањата на Ерих Фром. Тој тргнува од разликувањето на потреби кои го унапредуваат животот и оние кои го оневозможуваат; од хумани потреби, кои на човекот му причинуваат радост, и од синтетички потреби, кои се резулта на индустрискиот развиток и неговата рекламократија, како би се откриле пазари за инвестиции кои донесуваат профит; од аксиолошката разлика на потребата "да се биде" и потребата "да се има или троши"; од продуктивната и потрошувачката (пазарната) животна ориентација.

Додека човековите биолошки потреби му навестуваат што да јаде, а што да избегнува,-неговите свесни, човечни потреби би требало да му сугерираат кои потреби да ги негува и задоволува, а кои да ги занемарува и искоренува. Решението на проблемот на "раѓањето" на човекот како човечно суштество лежи во задоволувањето на потребите кои се специфично човечни и кои ги пречекоруваат физиолошките потреби на човековиот организам. Менталното здравје и разумноста на луѓето зависат од задоволувањето на потребите кои се автентично човечни и кои произлегуваат од условите на човековата ситуација: од потребата за здружување, надминување, вкоренетост, потребата за чувство на идентитет и потребата за рамка на ориентација и верување.

./.

Додека човековото задоволување на неговите физиолошки потреби, психолошки говорејќи, е потполно едноставно, задоволувањето на човечните потреби е мошне сложено и зависи од многу фактори, од кои еден од поважните е начинот на кој е организирано општеството и определени човечните односи во неговите рамки.

Правилното суштествување на аксиолошката структура што ја определуваме со епитетот човек, во себе го содржи не само задоволувањето на неговите материјални потреби, туку и на оние специфични човечни потреби и способности како што се љубовта, нежноста, умот, радоста и т.н.

Меѓу основните човечни потреби Фром ја вбројува и потребата за изнаоѓање на специфичен, човечен однос кон другите луѓе и потребата за сопственото потврдување: "Динамиката на човековата природа, доколку таа е навистина човечна, е вкоренета во човековата потреба, да ги изрази своите способности во односот кон светот, а не во неговата потреба светот да го користи како средство за задоволување на своите физиолошки нужности. Тоа значи: затоа што имам очи, имам потреба да гледам, затоа што имам уво-потреба да слушам, затоа што имам разум-потреба да мислам, затоа што имам срце-потреба да чувствувам. Накратко: затоа што сум човек, потребен ми е другиот човек и светот."[94]

Фром ја разгледува и врската меѓу задоволувањето на човековите субјективни потреби и смислата, односно, квалитетот на неговиот животен процес, кој доаѓа до израз при конципирањето на аксиолошката содржина на категоријата среќа. Имено, Фром смета дека среќата не е антрополошка состојба на задоволеност на чисто субјективни потреби-без оглед на нивниот квалитет, една површна, задоволна состојба на заситеност, туку задоволување на оние потреби, кои се објективно вредни, генерички за целокупната егзистенција на човекот како посе-

./.

бен вид живо суштество.

Покрај Ерих Фром, и Херберт Маркузе во многу свои дела, статии и предавања инсистира на аксиолошката разлика меѓу човековите и човечните потреби.

Тој се залага за коренито пресвртување на системот на потребите и нивното задоволување во насока кон конституирање на автентичната потреба за една нова субјективност; за квалитативно преобразување на постојните животни потреби; за разликување на вистински и лажни потреби; за афирмирање на потребите на ослободената човечна егзистенција; за разликата меѓу непосредните и вистинските потреби; за надминување на постојниот универзум на потребите; за укинување на механизмите кои ги репродуцираат старите потреби, за да би можело да се развијат новите револуционерни потреби; за реализацијата на потребата за укинување на експлоатираниот труд како облик на живот; за преобразување на виталните материјални и интелектуални потреби во квалитативно нови потреби; за афирмација на потребите чија што егзистенција ќе биде опредметување на човечноста; за создавање на потребите кои ги надминуваат капиталистичкото и социјалистичкото етатистичко општество; за негување на еден нов тип човек, слободен од агресивни и репресивни потреби, тежненија и ставови на класното општество, човечки суштества кои, солидарно и со сопствена иницијатива, создаваат свој сопствен животен свет.

Во врска со тоа Маркузе вели: "Квалитативните диференции на новото општество затоа не би ги виделе во задоволувањето на виталните и културните потреби (они навистина остануваат темел на целокупниот развиток), туку во настанувањето и задоволувањето на новите потреби, кои биле потиснати во антагонистичкото општество. Таквите нови (т.е. човечни потреби-К.Ј.) би нашле свој израз во радикално

./.

изменетите односи меѓу луѓето и во радикално поинаквата природна и општествена средина: солидарноста место конкуренцијата; сетилноста место репресијата; отсутноста на бруталноста, вулгарноста и нивниот јазик; мирот како трајна состојба. Притоа не се работи за вредности и цели, туку за потреби, оти сè додека тие цели и вредности не станат реални потреби, нема да се воспостави квалитативната разлика меѓу старото и новото општество".[95]

Идеалната човечна потреба, која што ја претпочитаме антрополошки, а аксиолошки ја рангираме на врвот на хиерархијата на човечните потреби и која што, за човекот, има најдрагоцен и најпожолен аксиолошки субстанцијалитет-е потребата за и од човечното човекување Онтичката важност на разликата меѓу човековите и човечните потреби, наоѓа свој потполн разлог за постоење во фактот што потребите и вредностите што се содржани во чинот на нивното задоволување, битно го определуваат процесот на конституирањето на суштинските составки на човековата индивидуалност и персоналитет. Од квалитетот, аксиолошката содржина и смисловниот ентитет на човечните потреби-субстанцијално зависи вредноста, смислата и целите на човековата егзистенција. Каква е вредноста на човечните потреби,-таква е вредноста на човекот! Структурата на човечните потреби и нивото на нивното задоволување суштествено ги одредуваат - распонот и квалитативните особености на човечното човекување!

## V. З А Б Е Л Е Ш К И


1. Agnes Heler: Vrednosti i potrebe, "Nolit", Beograd, 1981 str. 86. /Podcrtala A.H./
2. Mladen Zvonarević: Socijalna psihologija, "Školska knjiga", Zagreb, 1976, str. 228.
3. Miladin Životić: Ljudske potrebe, društvene vrednosti i stanovanje, "Gledišta", Beograd, 1980, broj 1-2, str. 16.
4. Посочениве значења на терминот "потреба" се преземени, со незначителни измени, од книгата: Bosanac-Mandić-Petković:Rječnik sociologije i socijalne psihologije, "Informator",Zagreb,1977 str. 466.
5. André Lalande: Vocabulaire technique et critique de la philosophie, Presses Universitaires de France, Paris, 1956, p.111.
6. Михаило Марковиќ: Преиспитување, "Српска књижевна задруга", Београд, 1972, стр. 91.
7. Karl Marx-Fridrih Engels: Dela, Institut za izučavanje radničkog pokreta i Izdavačko reduzeće "Prosveta", Beograd, 1974, tom 6, str. 205 ( во натамошниот текст делата на Маркс и Енгелс ќе се наведуваат во скратена форма како МЕД, со соодветниот том и страна).
8. Исто, стр. 2о6 (забелешка)
9. Исто, стр. 2о7 (забелешка). Подвлекол К.Ј.
10. За историскиот развој, основните карактеристики и принципи на теоријата на рамнотежата, види во цитираното дело на М.Звонаревиќ, стр. 227-228.
11. Види: МЕД, том 3, стр. 257. (Подцртал К.М.)
12. Исто, стр. 268 (подцртал К.М.)
13. Исто, стр. 268. (Подцртал К.М.)
14. На истата 268-ма страна, Маркс заклучува: "Битие кое својата природа ја нема вон себе, не е природно битие, не учествува во битието на природата". МЕД, том 3, стр. 268. (Подцртал К.М.)


. / .

15. МЕД, том 6, стр. 28.

16. Исто, том 6 стр. 28

17. Исто, том 6, стр. 29. (Подцртал К.М.)

18. Во тематското разработување на основните Марксови претпоставки на човековата историја и егзистенција воопшто се служевме со некои аспекти од нивното формулирање во книгата: Првослав Ралиќ: Нове људске потребе и револуција, "Градина"-Ниш и "Јединство" Приштина, 1978 год.

19. Маркс-Енгелс: Немачка идеологија, "Култура",Београд, 1964,стр.33

20. Исто, стр. 331. (Подцртал К.М.)

21. МЕД, том 6, стр. 233.

22. Исто том 6, стр. 233.

23. Исто, том 6, стр. 235 (Подвлекувањата се на Маркс-К.Ј.)

24. А. Хелер, цит. дело, стр. 90-91.

25. МЕД, том 3, стр. 222.

26. МЕД, том 7, стр. 61.(подвлекол К.Ј)

27. МЕД, том 19, стр. 192. (Подвлекол К.Ј.)

28. МЕД, том 21, стр. 492. (Подвлекол К.Ј)

29. Миладин Животиќ, цитирана статија, стр. 16-17.

30. МЕД, том 7.стр.74.

31. МЕД, том 7, стр. 75.

32. МЕД, том. 22, стр. 341.

33. МЕД, том 3, стр. 155, 156, 157.(Подцртал К.Маркс).

34. А.Хелер, цит. дело. стр. 160.

35. МЕД, том 26, стр.206.

36. МЕД, том 3, стр. 243. (Подвлекол К.Маркс).

37. МЕД, том 6, стр. 59-60. (Подцртал К.Маркс)

38. Исто, стр. 60.

39. Исто, стр. 360. (Подцртал К.Ј.)

./.

40. МЕД, том 6, стр. 213. (Подцртал К.Ј.)

41. МЕД, том 7, стр. 125.(Подцртал К.Ј.)

42. МЕД, том 21, стр. 431-432. (Подцртал К.Ј.)

43. МЕД, том 19, стр. 304-305. (Подцртал К.Маркс).

44. Миладин Животиќ, цитирана статија, стр. 20.

44[а].Димитар Димитров: Противставување, "Мисла",Скопје, 1971 год., стр. 104.

45. Исто, стр. 117.

46. Во тематската разработка на културните потреби во трудов се користени извесни увиди од книгата на Милош Немањиќ: Културне потребе, "Вук Караџиќ", Београд, 1974 година.

47. МЕД, том 7, стр. 55.

48. МЕД, том 7, стр. 383.

49. МЕД, том 3, стр. 287-288.(Подцртал К.Маркс).

50. Исто, стр. 288.(Подцртал К.Маркс).

51. МЕД, том 25, стр. 421.

52. Види, исто, стр. 406.

53. МЕД, том 3, стр. 289. (Подцртал К.Маркс).

54. МЕД, том 3, стр. 290. (Подцртал К.Маркс).

55. МЕД, том 7 стр. 62. (Подцртал К.Ј.).

56. Претпоставките за изградбата на теоријата на потребите на самоуправниот социјализам, со мали измени, се преземени од освртот:Вероника Вугринец-Хитрец: Политичка економија социјализма без теорије потреба, "Марксистичка мисао", Београд, 1984/4, стр. 263-272.

57. МЕД, том 30, стр. 18.

58. Agnes Heler: Svakodnevni život,"Nolit",Beograd,1978,str.125-126.

59. МЕД, том 19, стр. 322-323. (Подцртал Карл Маркс).

./.

60. Marks-Engels. Rani radovi, Zagreb, "Kultura", 1953, str.235. /Podcrtal K.Marks/.
61. Marek Frichand: Etička misao mladog Marksa, "Nolit", Beograd, 1966, str. 93.
62. Erix From. Zdravo društvo, "Rad", Beograd, 1963, str. 244. /Podcrtal E.From/.
63. Agnes Heler, cit. delo str. 207.
64. МЕД, том 19, стр. 192.
65. МЕД, том 26, стр. 198. (Подцртал К.Маркс).
66. МЕД, том 20, стр. 74. (Подцртал К.Маркс).
67. Исто, стр.г75. (Подцртал К.Маркс).
68. МЕД, том 26, стр. 197-198.
69. МЕД, том 20, стр. 18. (Подцртал К.Маркс).
70. Исто, том 20, стр. 75.
71. МЕД, том 21, стр. 237. (Подцртал К.J.)
72. МЕД, том 20, стр. 72-79.
73. МЕД, том 26, стр. 198-199. (Подцртал К.Маркс).
74. Што туку разработеното објаснување на Марксовиот концепт за работното и слободното време ја претпоставува неговата целосна анализа на трудот и слободното време, во сите дела, а особено во "Основите..." и "Капиталот".
75. H. Marcuse: Čovjek jedne dimenzije, "Veselin Masleša",Sarajevo, 1968, str. 222 (Podcrtal K.J.).
76. МЕД, том 21, стр. 237. (Подцртал К.J.). Евидентно, претпоставеното од Маркс време неопходно за негување и реализирање на посочениве антрополошки содржини, всушност, е-слободното време.
77. МЕД, том 3, стр. 245. (Подцртал К.Маркс). Во врска со тоа,Маркс констатира дека потребата за пари е вистинската и единствената потреба, која ја произведува националната економија.
78. Е.Фром, цит. дело, стр. 143. (Подцртал К.J.).

79. Идентични или слични ставови застапуваат и Рајт Милс, Едгар Морен, Руди Супек, Јонче Јосифовски и др.

80. E.From: Revolucija nade, "Grafos", Beograd, 1978, str. 113.

81. За ова види поопширно во книгите: Димитар Димитров: Противставување, "Мисла", Скопје, 1971 год. и Tena Martinić: Slobodno vrijeme i suvremeno društvo, "Informator", Zagreb, 1977 godina.

82. МЕД, том 20, стр. 78.

83. A. Lefevre: Dijalektički materijalizam-kritika svakidašnjeg života, "Naprijed", Zagreb, 1959, str. 149.

84. "Проблемот на слободното време, на пример, не е можно дури ни да се постави, а уште помалку да се реши, ако притоа не се разгледуваат и проблемите на трудот, т.е. проблемот на слободното време и проблемот на трудот се неразделиви еден од друг", види в Rajt Mils: Sociološka imaginacija, "Savremena škola", Beograd, 1954 str. 18.

85. Rajt Mils: Znanje i moć, "Vuk Karadžić", Beograd, 1966, str.98,99

86. D.Rizman: Usamljena gomila, "Nolit", Beograd, 1965, str. 61.

87. Јонче Јосифовски: Трудот и слободното време, "Современост", Скопје, 1969, бр. 10, стр. 1035-36.

88. Vo vrska so toa vidi: F.Heintel: O problemu slobodnog vremena, slobode i rada, "Praxis", Zagreb, 1967 br. 1-2.

89. Ratko Božović: Iskušenja slobodnog vremena, "Mladost", Beograd, 1979, str. 179.

90. Za komponentite na posočenava potreba vidi vo knigata: Rihta i saradnici: Civilizacija na raskršću, "Komunist", Beograd,1972, str. 162-163.

91. A. Heler, cit. delo, str. 90.

92. МЕД, том 3 стр. 260. (Подцртал К.Маркс).

./.

93. МЕД, том 3. стр. 236. (Подцртал К.Маркс).

94. E. From: Revolucija nade, cit. delo, str. 77.

95. H.Marcuse: Idee zu einer kritischen Theorie der Gesellschaft, Frankfurt: Suhrkamp Verlag, 1969, str. 189-190./Podcrtal K.J./.

./.

## VI. Л И Т Е Р А Т У Р А

AGH, Attila: Ljudska priroda i koncepcija osnovnih potreba, "Marksizam u svetu", Beograd, 1982/11-12

ANDREJČIKOV, N.P.:Svobodnoe vremja i razvitie ličnosti,Ivanovo,1962.

БАЈКОВА, В.Г. Дучал, А.С., Земцов, А.А.,:Свободное времја и всестороннoe развитие личности, "Мусл", Москва, 1965.

BODROGVARI, Ferenc: Negacija i humanitet, Radnički univerzitet "Veljko Vlahović", Subotica, 1977.

BOŽOVIĆ, Ratko: Slobodno vreme i podeljeni čovek, vo spisanieto "Kultura", Beograd, 1977/36-37.

BOŽOVIĆ, Ratko: Rad i nepodeljeni čovek, "Socijalizam", Beograd, 1971/10.

BOŽOVIĆ, Ratko: Iskušenja slobodnog vremena, "Mladost", Beograd,1979.

БОЖОВИЌ, Ратко: Некои погледи за трудот, слободното време и културата, "Погледи", Скопје, 1975/3-4.

BOŽOVIĆ, Ratko: Dirigovanost u stvaranju ljudskih potreba, "Socijalizam", Beograd 1972/1.

BOŽOVIĆ, Ratko: Metamorfoze igre, KPZ Srbije, Beograd, 1972.

BRIÈRE, J.: La dialectique des besoins, "La Nouvelle critique," No. 73, avril 1974.

VAJS, A.: Razvitak civilizacije, VUIN, Beograd, 1965.

VEBLEN? Torsten: Teorija dokoličarske klase, "Kultura", Beograd,1966.

VELIČKOVIĆ, Milan: Problem slobodnog vremena, Zbornik-"Etičko-humanistički problemi socijalizma", "Rad", Beograd, 1964.

VIAL, J.: Pour une sociologie des loisirs, Cahiers internationaux de sociologie, 1952/7.

VOGRINEC - Hitrec, Vera: Ekonomija i određenje potreba, "Naše teme", Zagreb, 1972/2.

БУГРИНЕЦ - Хитрец, Вероника: Политичка економија социјализма без теорије потреба, "Марксистичка мисао", Београд, 1984/4.

GODARD, Francis: O pojmu potrebe u konceptu klasne prakse,"Marksizam u svetu", Beograd, 1975/11.

GOLUBOVIĆ, Zagorka: Čovek i njegov svet, "Prosveta", Beograd, 1973.

GORZ, André: Tegobni socijalizam, Centar za društvene delatnosti SSOH, Zagreb, 1975.

GREVET, P. : Moment objectif et moment subjectif des besoins,"La Pensee", No. 180, 1975.

GRUZIN, B.: Svobodnoe vremja, "Mysl", Moskva, 1967.

GRUŠIN, B. : Svobodnoe vremja: veličina, struktura, problemy, perspektivy, Pravda, Moskva, 1966.

DAMJANOVIĆ, Milan: Istorija kulture, "Gradina", Niš, 1977.

DESPOT, Blaženka: Pledoaje za dokolicu, "Ideje" Beograd, 1976.

ДИМИТРОВ, Димитар: Противставување, "Мисла", Скопје, 1971.

DIMITROV, Dimitar: Misaona iskušenja na fonu naučno-tehnološkog i društvenog razvoja, Zbornik - "Naučni, tehnološki i društveni razvoj", Beograd, 1974.

DUMAZEDIER, J.: Vers une civilisation du loisir?, Editions du Seuil, Paris, 1962.

ELAKOVIĆ, Simo: Slobodno vrijeme kao mjera bogatstva, "Theoria", Beograd, 1976/3-4.

ETZIONI, Amitai: Osnovne ljudske potrebe, otuđenje i neautentičnost, "Sociološki pregled", Beograd, 1969/3.

./.

ŽIVOTIĆ, Miladin: Čovek i vrednosti, "Prosveta", Beograd, 1969.

ŽIVOTIĆ, Miladin: Ljudske potrebe, društvene vrednosti i stanovanje, "Gledišta", 1960/1-2.

ZVONAREVIĆ, Mladen: Socijalna psihologija, "Školska knjiga", Zagreb, 1976.

[illegible], Митко: Социјализмот и [illegible], "Погледи", Скопје, 1967/2.

[illegible], Митко: Маркс и самоуправувањето, "Современост", Скопје, [illegible]/3-4.

[illegible], Митко - Јордановски, Стојан: Марксизам и самоуправување (учебник), "Просветно дело", Скопје, 1977.

JILEK, Miroslav: Dali je moguće planiranje potreba, "Kulturni radnik", Zagreb, 1976/3.

JOVANOVIĆ, Slobodan: Dilema radnog vremena, "Pregled", Sarajevo, 1969/3.

ЈОВАНОВСКИ, Јонче: Човекот - суштество на потребите, во книгата: "[illegible] на државата и самоуправувањето", "Студентски збор", Скопје, 1975.

ЈОВАНОВСКИ, Јонче: Трудот и слободното време, "Современост", Скопје, 1969/10.

ЈОВАНОВСКИ, Јонче: Судбината на личноста во современиот свет, "Погледи", Скопје, [illegible].

ЈОВАНОВСКИ, Јонче: [illegible] на трудот, "[illegible]", Скопје, [illegible].

ЈОВАНОВСКИ, Јонче: [illegible] цивилизацијата денес, "Погледи", Скопје, [illegible]/4.

KECMANOVIĆ, Nenad: Prilog sociologiji slobodnog vremena, "Pregled", Sarajevo, 1969/3.

./.

KLOSKOVSKA, Antonjina: Semiotički kriterijum kulture, Treći program Radio-Beograda, leto 1969.

KUVAČIĆ, Ivan: Socijalizam traži bogaćenje ljudskih potreba, "Kulturni radnik", Zagreb, 1977/1.

KUVAČIĆ, Ivan: Potrebe i vrijednosti vo: "Vrijednosti i društveni sistem, Odsjek za sociologiju Filozofskog fakulteta u Zagrebu, 1977.

KUVAČIĆ, Ivan: Ljudske potrebe i društvene vrijednosti, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1976/1.

KUVAČIĆ, Ivan: Obilje i nasilje, "Praxis",Zagreb, 197o.

LALANDE, André: Vocabulaire technique et critique de la philosophie Presses universitaires de France, Paris, 1956.

LANFANT, M.F.: Les theories du loisir, PUF, Paris, 1972.

LALOUP, J.: Le temps du loisir, Casterman, 1962.

LEFEBVRE, Henry: Dijalektički materijalizam - Kritika svakidašnjeg života, "Naprijed", Zagreb, 1959.

LINTON, Ralph: Le fondament culturel de la personnalité, Dunod, Paris, 1967.

LOISIRS et sociétés industrielles,"Democratie nouvelle", juin 1963, juin 1964.

L'UTILISATION des loisirs, Paris, 1963.

MANDIĆ, Ivan: Ljudske potrebe posmatrane s ekonomskog stajališta, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1976/1.

MANDIĆ - Petković - Bosanac: Rječnik sociologije i socijalne psihologije, "Informator", Zagreb, 1977.

МАРКОВИЋ, [illegible]: [illegible], "Српска књижевна задруга", Београд, [illegible].

./.

MARX - Engels: Dela, Tom 3, "Prosveta", Beograd, 1972.

MARX - Engels: Dela, tom 6, "Prosveta", Beograd, 1974.

MARX - Engels: Dela, tom 7, "Prosveta", Beograd, 1974.

MARX - Engels: Dela, tom 19, "Prosveta", Beograd, 1979.

MARX - Engels: Dela, tom 20, "Prosveta", Beograd, 1979.

MARX - Engels: Dela, tom 21, "Prosveta", Beograd, 1970.

MARX - Engels: Dela, tom 22, "Prosveta", Beograd, 1971.

MARX - Engels: Dela, tom 23, "Prosveta", Beograd, 1972.

MARX - Engels: Dela, tom 25, "Prosveta", Beograd, 1972.

MARX - Engels: Dela, tom 26, "Prosveta", Beograd, 1972.

MARX - Engels: Dela, tom 30, "Prosveta", Beograd, 1979.

MARX, Karl: Temelji slobode (Grundrisse), "Naprijed", Zagreb,1974.

MARX - Engels: Rani radovi, "Kultura", Zagreb, 1953.

MARKS - Engels: Nemačka ideologija I, II, "Kultura", Beograd,1964.

MARCUSE, Herbert: Čovjek jedne dimenzije, "Veselin Masleša" Sarajevo, 1968.

MARCUSE. H.: Idee zu einer kritischen Theorie der Gesellschaft, Frankfurt: Suhrkamp Verlag, 1969.

MARCUSE, Herbert: Poraz nove levice, "Marksizam u svetu", Beograd, 1977/1-2.

MARCUSE. H.: Carstvo slobode i carstvo nužnosti, "Praxis", Zagreb, 1969/6.

MARTINIĆ, Tena: Slobodno vrijeme i suvremeno društvo, "Informator", Zagreb, 1977.

MILS, Rajt: Sociološka imaginacija, "Savremena Škola", Beograd,1964

MILS, Rajt: Znanje i moć, "Vuk Karadžić", Beograd, 1966.

MJALKIN, A.V.: Svobodnoe vremja i vsestoronnoe razvitie ličnosti, Izdatelstvo VPS i ADN, Moskva, 1962.

MOREN, Edgar: Duh vremena, "Kultura", Beograd, 1967.

./.

MOYNOT, L. J.: Détermination sociales et indivuduelles des besoins, "La Pensee", No. 18o, 1975.

МУМИЌ, Ферид: Епистемолошки основи на трансценденталната и феноменолошката метода и нејзините консеквенции за формирање една можна антропологија, "Филозофска трибина", Скопје, 1981/7.

МУМИЌ, Ферид: Радикалната антропологија на Берклиевиот материјализам, "Годишен зборник на Филозофскиот факултет", Скопје, 1982.

МУМИЌ, Ферид: Антрополошки недоумици, Трета програма на Радио-Скопје, Скопје, 1982/12.

NAKARADA, Radmila: Ljudske potrebe, nova društva, nova tehnologija, "Gledišta", Beograd, 1974/5-6.

НЕМАЊИЋ, Милош: Културне потребе, "Вук Караџић", Београд, 1974.

NEMANJIĆ, Miloš: Kulturne potrebe i njihova društvena uslovljenost, "Gledišta", Beograd, 197o/11.

PAVIĆEVIĆ, Vuko: Ogled o potrebama, "Komunist", br. 78, od 6-IV-1972.

PAVIĆEVIĆ, Vuko: Marksizam i etika, "Komunist", br.991, 15 mart 1976.

ПОПЛАШЕН, Никола: Социјалистичката револуција и човечките потреби, Трета програма на Радио-Скопје, Скопје, 1981/7.

POPLAŠEN, Nikola: Ljudske potrebe u svetlosti Marksovog mišljenja revolucije, "Socijalizam", Beograd, 1979/5.

PRÉTEÇEILLE, Edmond: Društvene potrebe i socijalizacija potrošnje, Marksizam u svetu", Beograd, 1975/11.

PRÉTEÇEILLE, Edmond: Evolution des besoins sociaux et socialisation de la consommation, "La Pensée", No. 18o,1975.

RALIĆ, Prvoslav: Nove ljudske potrebe i revolucija, "Gradina" Niš i "Jedinstvo", Priština, 1978.

RALIĆ, Prvoslav: Savremene borbe kapitala i ljudskih potreba, Treći program Radio-Beograda, Beograd, 1978/1.

RALIĆ, Prvoslav: Moć i nemoć nauke pred ljudskim potrebama, "Gledišta", Beograd, 1977/9.

REYMOND de F.J.: Potrebe i iracionalnost kapitalizma, "Marksizam u svetu", Beograd, 1975/11.

RIHTA, R.i saradnici: Civilizacija na raskršću, Izdavački centar, "Komunist", Beograd, 1972.

RISMAN, Dejvid: Usamljena gomila, "Nolit", Beograd, 1965.

ROSZAK, Teodore: Kontrakultura, "Naprijed", Zagreb, 1978.

RUS V. - Arzenšek V.: Rad kao sudbina i kao sloboda, "Liber", Zagreb, 1984.

SAM, Atila: Prilog raspravi o potrebama, "Dijalog", Sarajevo, 1978/7-8.

SÈVE, Lusien: Marxisme et théorie de la personnalité, Editions Sociales, Paris, 1969.

SIMEUNOVIĆ, Vojin: Filozofija i zbilja, "Veselin Masleša", Sarajevo, 1979.

SERGEJEV, Dimitar: Naše potrebe i naši zadaci, "Revija za sociologiju", Zagreb, 1976/1.

SIROTKIN, S.P. - Skaržinskij, M,I.: Svobodnoe vremja trudjaščihsj Jaroslavij, 1964.

SOKOLOVIĆ, Džemal: Rad i samootuđenje, "Veselin Masleša",Sarajevo 198o.

SOKOLOVIĆ, Džemal: Ljudske potrebe između rasta i razvoja, "Sociologija", Beograd, 1977/2-3.

./.

SUPEK, Rudi: Radničko samoupravljanje i humanizacija rada i potrošnje, Zbornik "Humanizam i socijalizam", II, "Naprijed", Zagreb, 1963.

SUPEK, Rudi: Ova jedina zemlja, "Naprijed", Zagreb, 1973.

SUTLIĆ, Vanja: Praksa rada kao znanstvena povijest, Edicija časopisa "Kulturni radnik", Zagreb, 1974.

TANOVIĆ, Arif: Vrijednost i vrednovanje, Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1972.

TANOVIĆ, Arif: Humanizam i progres, "Veselin Masleša", Sarajevo, 1979.

TANOVIĆ, Arif: Ljudske potrebe, "Marksizam u svetu", Beograd,1975/1

TERRALL, Pierre-Jean: Potrebe,potrošnja i zatajivanje proizvodnih odnosa, "Marksizam u svetu", Beograd, 1975/11.

TERRAIL, Pierre - Jean: Proizvodnja potreba i potrebe proizvodnje, "Marksizam u svetu", Beograd, 1975/11.

FIJAMENGO, A.: Slobodno vreme u uslovima mašinske civilizacije, "Pregled", Sarajevo, 1960/7-8.

FRIEDMANN, G.: Razmrvljeni rad, "Naprijed", Zagreb, 1959.

FRIEDMANN, G.: Kuda ide ljudski rad, "Rad", Beograd, 1959.

FRIEDMANN, G.: Problemi čovjeka u industriskom mašinizmu, "Veselin Masleša", Sarajevo, 1964.

FRICHAND, Marek: Etička misao mladoga Marksa, "Nolit", Beograd, 1966.

FROMM, Erich: Čovjek za sebe, "Naprijed", Zagreb, 1966.

FROMM, Erich: Zdravo društvo, "Rad", Beograd, 1963.

FROMM, Erich: Anatomija ljudske destruktivnosti, I, II, "Naprijed", Zagreb, 1975.

FROMM, Erich: Marksovo shvatanje čoveka, "Grafos", Beograd,1979.

FROMM, Erich: Revolucija nade, "Grafos", Beograd, 1978.

./.

FROMM, Erich: Imati ili biti? "Naprijed", Zagreb, 1979.

FROMM, Erich: Marxov doprinos poznavanju čovjeka, "Praxis", Zagreb, 1969/1-2.

HELER, Agneš: Vrednosti i potrebe, "Nolit", Beograd, 1981.

HELLER, Agneš: Teorija i praksa u funkciji ljudskih potreba, "Marksizam u svetu", Beograd, 1976/5.

HELER, Agneš: Svakodnevni život, "Nolit", Beograd, 1978.

HELLER, Agneš:"Sistem potreba" i društvo "udruženih proizvođača", "Marksizam u svetu", Beograd, 1975/11.

HORVAT, Branko: Ljudske potrebe i strategija socijalističkog preobražaja, "Gledišta", Beograd, 1978/4.

HEINTEL, P.: O problemu slobodnog vremena, slobode i rada, "Praxis", Zagreb, 1967/1-2.

CENGLE, Granc: Marksovo shvatanje slobode, "Svjetlost", Sarajevo, 1974.

ŠEŠIĆ, Bogdan: Čovek, smisao i besmisao, "Rad", Beograd 1977.

ŠEŠIĆ, Bogdan: Marksistička filozofija smisla, "Naučna knjiga", Beograd, 1979.

ŠKORIĆ, Gordana: Fromova teorija potreba, "Kulturni radnik", Zagreb, 1982/2.

ŠAF, Adam: Marksizam i ljudska jedinka, "Nolit", Beograd,1965 god.

ŠOŠAR, P.: Travail et loisirs, Maison Mame, Paris, 1967 god.

./.

# С О Д Р Ж И Н А

стр.

I. - ВОВЕДНИ ИСКАЖУВАЊА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПОТРЕБИ ............. 1

II. ПРВ ДЕЛ

ВИДОВИ ПОТРЕБИ .................................... 13

III. ВТОР ДЕЛ

СТРУКТУРА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПОТРЕБИ..................... 30

1. Производството, трудот и потребите ................. 30

2. Богатството и потребите ........................... 40

3. Слободното време и потребите ...................... 50

IV. З А К Л У Ч О К ................................... 66

V. З А Б Е Л Е Ш К И ................................... 74

VI. Л И Т Е Р А Т У Р А ................................. 80